- Наставната година ја сочинуваат две полугодија – прво и второ полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2023 година и завршува на 29 декември 2023 година.
- Второто полугодие започнува на 22 јануари 2024 и завршува на 17 јуни 2024 година.
- Во текот на учебната година учениците користат зимски, пролетен и летен одмор. Зимскиот започнува 30 декември 2023 година и завршува на 19 јануари 2024 година. Пролетниот распуст започнува на 29 април и завршува на 6 мај 2024 година. Летниот распуст започнува на 18 јуни 2024 година и завршува на 31 август 2024 година.

Основните училишта во време од 18 јуни до 01 јули 2024 година организираат дополнителна настава, одделенски испити и поправни испити, а од 15 август до 21 август 2024 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите.

- Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.
- Во учебната 2023/24 година наставата се остварува во 180 наставни денови.
- Наставата во основното училиште не се изведува за време на државни и други празници утврдени со закон.
- Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии и денот на училиштето се наставни денови кога се изведуваат посебни програми. Патрониот ден на училиштето е 1-ви Април. На патрониот ден на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации утврдени со годишната програма за работа.
- Календарот е основа за планирање на активностите за одбележување на значајни датуми, преку училишни радио емисии (разглас) онлине или книга за соопштенија, уредување на училишниот хол, пано, уредување на содржини за ѕиден весник, организирање на прослави, приредби, хепенинзи, базари, настани од хуманитарен карактер, собирни акции, еколошки активности.

| **Одбележување на значајни денови** | **Активност** | |
|---|---|---|
| Прием на првачиња | Приредба-Рецитал, ритмичка точка | 01.09.2023 |
| Ден на независноста | Читање реферат, самостојни творби , цртање | 08.09.2023 |
| Одбележување на Европскиот ден на јазиците | Читање реферат, изработка на постери | 26.09.2023 |
| Одбележување Прием на првачиња во Детската организација | Давање заклетва, ритмичка точка | 02.10. – 06.10.2023 |
| Одбележување на Светскиот ден на заштита на животните | Читање, цртање | 04.10.2023 |
| Одбележување на Денот на учителот | Читање реферат,самостојни творби,цртање | 05.10.2023 |
| 11-Октомври Денот на народното востание | Читање реферат, самостојни творби, цртање | 11.10.2023 |
| Одбележување на Светскиот ден на храната | Цртање, творење, драматизација | 16.10.2023 |
| 23 Октомври Ден на македонска внатрешна револуционерна организација | читање реферат | 20.10.2023 |

| | | |
|---|---|---|
| Одбележување на Месецот на книгата | Посета на саем на книги и на библиотека, подарување книги, создавање на самостојни книги, читање, | 16.10. до 15.11.2023 |
| Одбележување на<br><br>Светскиот ден на љубезноста (добрината) | Подари книга ( правење добри дела), цртање, употреба на убави зборови, љубезност | 13.11.2023 |
| Одбележување на Денот на ослободување на Скопје | Читање реферат, самостојни творби | 13.11.2023 |
| Светскиот Ден на детето | Читање , остварување и заштита на детските права,творење,цртање | 20.11.2023 |
| Одбележување на празникот „Св.Климен Охридски“ | Читање реферат | 07.12.2023 |
| Меѓународен ден на човековите права | Работилница | 11.12.2023 |
| Светскиот ден на водите , водните живеалишта | Работилница | 02.02.2024 |
| Светскиот ден за безбеден интернет | Работилници за безбедно однесување на интернет | 06.02.2024 |
| Меѓународен ден на мајчиниот јазик | Работилница | 21.02.2024 |
| Одбележување на Денот на жената | Читање реферат, самостојни творби, цртање - изложба | 08.03.2024 |
| Одбележување на франкофонија | Информирање | 14.03. – 19.03.2024 |
| Меѓународен ден на шумите | Садење, посета на шума | 21.03.2024 |
| Ден на пролетта и екологијата | Садење, чистење,творење,цртање | 21.03.2024 |
| Одбележување на денот на шегата | изработување маски, маскирање | 01.04.2024 |
| Одбележување на Патрониот празник | Рецитал,ликовна изложба, изложба на изработки, ритмичка точка | 01.04.2024 |

| | | |
|---|---|---|
| Светскиот Ден на здравјето | Работилница | 08.04.2024 |
| Одбележување на верскиот празник Велигден | Работилници, хепенинг | 26.04.2024 |
| Денот на планетата Земја | Работилници со разни активности | 22.04.2024 |
| Светскиот ден на книгата | Читање | 23.04.2024 |
| Ден на македонскиот јазик | Работилница | 06.05.2024 |
| Меѓународен ден на семејството | Работилница | 15.05.2024 |
| Ден на сесловенските просветители | Читање реферат, самостојно творење | 23.05.2024 |

## 8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

| **ООУ„Наум Наумовски Борче“<br>Распределба на часови во учебната 2023/2024 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Наставник** | **Предмет што го предава** | **Одделенија во кои предава** | **Вкупно часови** | **Одделенски раководител** |
| Соња Ајдаревиќ | Англиски јазик -<br>3 часа неделно **(21 час)** | **VII-a, VII-б,VIII-a, VIII-б, VIII-в, IX-a, IX-б** | **21** | **VIII-в** |
| Наставник по етика и граѓанско образование | Граѓанско образование<br>1 час неделно **(5 часа)** | **VIII-a, VIII-б, VIII-в, IX-a, IX-б** | **13+7 часа во ООУ„Стив Наумов“** | |
| | Етика<br>1 час неделно | **VII-a, VII-б,** | | |
| | Слободни изборни предмети во VI одделение **(6 часа)** | **VI-a, VI-б, VI-в** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Катарина Марковска | Географија<br>2 часа неделно **(14 часа)** | **VII-а, VII-б,VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-а, IX-б** | **20** | **VIII-а** |
| | Историја и општество модул географија | **VI-а, VI-б, VI-в** | | |
| | Нашата татковина<br>2 часа неделно **(4 часа)** | **VIII-а, VIII-б** | | |
| Александра Војнеска Зикова | Физичко и здр. образование<br>3 часа неделно **(21 часа)** | **IV-а, IV-б, IV-в,<br>V-а, V-б, VII-а, VII-б** | **21** | **VII-б** |
| Фросина Ристовска | Биологија,<br>2 часа неделно **(14 часа)** | **VII-а, VII-б, VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-а, IX-б** | **20** | |
| | природни науки<br>3 часа неделно **(6 часа)** | **VI-а, VI-б,** | | |
| Даниела Кузманоска | хемија,<br>2 часа неделно **(10 часа)** | **VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-а, IX-б** | **17+4 часа во ООУ„Вера Јоциќ“** | **VI-в** |
| | природни науки<br>3 часа неделно **(3 часа)** | **VI-в** | | |
| | природни науки<br>2 часа неделно **(4 часа)** | **V-а, V-б** | | |
| Соња Златевска | Македонски јазик<br>4 часа неделно **(20 часа)** | **VI-а, VI-б, VI-в, VII-а, IX-а,** | **20** | **VI-а** |
| Маја Станковска | Техничко образование и информатика<br>2 часа неделно **(6 часа)** | **VI-а, VI-б, VI-в** | 16 +8 часа во ООУ„Наум Охридски“ | **IX-а** |
| | Информатика,<br>1 час неделно **(2 часа)** | **VII-а, VII-б** | | |
| | Иновации<br>1 час неделно **(2 часа)** | **IX-а, IX-б** | | |
| | Есару администратор (6 часа) | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Весна Трајковска | Музичко образование,<br>1 час неделно **(10 часа)** | **VI-а, VI-б, VI-в, VII-а, VII-б, VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-а, IX-б,** | **22** | |
| | проекти од музичката уметност<br>2 часа неделно **(4 часа)** | **IX-а, IX-б, VIII-в** | | |
| | 3 часа хор, 3 часа оркестар<br>**(6 часа)** | | | |
| Билјана Дрвошанова | Англиски јазик<br>3 часа неделно **(18 часа)** | **IV-а, IV-б, V-б,<br>VI-а, VI-б, VI-в** | **20** | |
| | Вештини за живеење<br>2 часа неделно **(2 часа)** | **VII-а** | | |
| Јовица Николовски | Историја<br>2 часа неделно **(14 часа)** | **VII-а, VII-б, VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-а, IX-б** | **20** | **VII-а** |
| | Историја и општество (модул историја и граѓанско образовние) | **VI-а, VI-б, VI-в** | | |
| Сања Пецевски | Македонски јазик<br>4 часа неделно **(20 часа)** | **VII-б, VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-б** | **20** | **VIII-б** |
| Наталија Ѓорѓевиќ Миревска | Француски јазик<br>2 часа неделно **(20 часа)** | **VI-а, VI-б, VI-в, VII-а, VII-б, VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-а, IX-б** | **22** | **VI-б** |
| | Вештини за живеење<br>2 часа неделно **(2 часа)** | **VII-б** | | |
| Снежана Боболеска | Англиски јазик<br>2 часа неделно **(14 часа)** | **I-а, I-б, II-а , II-б,<br>III-а, III-б, III-в,** | **20** | |
| | Англиски јазик<br>3 часа неделно **(6 часа)** | **IV-в, V-а** | | |
| Билјана Велјаноска | Математика<br>4 часа неделно **(8 часа)** | **VII-а, VII-б** | 8+12 часа во | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ООУ„Крсте Мисирков“ | |
| Валентина Коруноска | Физика<br>2 часа неделно **(10 часа)** | **VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-а, IX-б** | **22** | |
| | Математика<br>4 часа неделно **(12 часа)** | **VIII-а, VIII-б, VIII-в** | | |
| Маја Давидовска Бошевска | Математика<br>**5** часа неделно **(15 часа)** | **VI-а, VI-б, VI-в** | **23** | **IX-б** |
| | Математика 4 часа неделно **(8 часа)** | **IX-а, IX-б** | | |
| Никола Наневски | Ликовно образование<br>1 час неделно **(8 часа)** | **VI-а, VI-б, VI-в, VII-а, VII-б, VIII-а, VIII-б, VIII-в,** | **8** | |
| Марија Наневска | Ликовно образование,<br>1 час неделно **(2 часа)** | **IX-а, IX-б,** | **2** | |
| Дејан Боневски | Физичко и здр.образование<br>3 часа неделно **(24 часа)** | **VI-а, VI-б, VI-в,<br>VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-а, IX-б,** | **24** | |
| Моника Гаврилоска | Физичко и здр.образование<br>3 часа неделно **(21 часа)** | **I-а, I-б, II-а , II-б,<br>III-а, III-б, III-в** | **21** | |
| Виолета Миновска | Техничко образование и информатика<br>2 часа неделно **(4 часа)** | **V-а, V-б** | 4+16 часа во ООУ„Крсте Мисирков“ | |
| Снежана Величковска | одделенски наставник | **I-а** | | |
| Оливера Филиповска | одделенски наставник | **I-б** | | |
| Марија Депиновска | одделенски наставник | **II-а** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Катерина Јовановиќ | одделенски наставник | **II-б** | | |
| Елизабета Темелковска | одделенски наставник | **III-а** | | |
| Маре Ѓиревска | одделенски наставник | **III-б** | | |
| Сања Груева | одделенски наставник | **III-в** | | |
| Анета Пешевска | одделенски наставник | **IV-а** | | |
| Соња Николова | одделенски наставник | **IV-б** | | |
| Дијана Николовска | одделенски наставник | **IV-в** | | |
| Виолета Силјановска | одделенски наставник | **V-а** | | |
| Гордана Ѓорѓиевска | одделенски наставник | **V-б** | | |
| Лили Подолешова | Одделенски наставник – дневен престој | | | |
| Тамара Димитриевска | Одделенски наставник – дневен престој | | | |

### 8.3. Работа во смени

- Наставата ќе се реализира во две смени. Учениците од VI до IX ќе посетуваат настава само прва смена, за останатите ученици наставата ќе биде реализирана во две смени. Во една смена наставата ќе посетуваат учениците од I, II и III одделение, а во другата смена учениците од IV и V одделение.
- Часовите започнуваат во 7:30 часот наутро за прва смена за предметна настава, за одделенска наставата започнува наставата во 7:30 часот за прва смена и во 12:30 часот за втора смена.
- Смените ќе се менуваат на две недели.
- Секој час трае 40 минути. По вториот час има голем одмор во траење од 20 минути, а останатите одмори меѓу часовите се по 5 минути.

| | Распоред на часови | |
|---|---|---|
| час | I смена | II смена |
| 1. | 7:30-8:10 | 12:30-13:10 |
| 2. | 8:15-8:55 | 13:15-13:55 |
| | Голем одмор | Голем одмор |
| 3. | 9:15-9:55 | 14:15-14:55 |
| 4. | 10:00-10:40 | 15:00-15:40 |
| 5. | 10:45-11:25 | 15:45-16:25 |
| 6. | 11:30-12:10 | 16:30-17:10 |
| 7. | 12:15-12:55 | 17:15-17:55 |

- Дополнителната и додатната настава како и воннаставните активности ќе се реализираат по завршувањето на часовите.
- Дневниот престој има посебен ред за изведување на часовите, времето за ручек и одморите.

## 8.4. Јазик/јазици на кој/и се изведува наставата

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** | **Турски јазик** | **Српски јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 22 | | | | |
| **Број на ученици** | 497 | | | | |
| **Број на наставници** | 38 | | | | |

### 8.5. Проширена програма

Во училиштето се реализира и проширена програма според Концепцијата за основно воспитание и образование. Проширената програма опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, како и продолжен престој.

За учениците од прво, второ и трето одделение се организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на наставата, во согласност со родителот.

Училиштето по добиена согласност од Министерството за учениците од прво до трето одделение организира паралелки за продолжен престој со ученици од различни паралелки од прво до трето одделение. Во продолжен престој учениците се вклучуваат во согласност со родителите/старателите на учениците. За време на продолжениот престој учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно-уметнички и други активности, согласно со годишната програма за работа на училиштето. Паралелките за продолжен престој ги водат Лили Подолешова и Тамара Димитриевска.

### 8.6. Комбинирани паралелки

Во училиштето нема комбинирани паралелки.

### 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Според наставниот план за учебната 2023/24 година сите ученици од прво одделение до деветто одделение го изучуваат англискиот јазик и тоа учениците од I, II и III одделение 2 часа неделно, а од IV до IX одделение 3 часа неделно. Учениците од VI до IX одделение покрај англискиот јазик како втор странски јазик го изучуваат францускиот јазик согласно нивниот избор со 2 часа неделно.

### 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Во учебната 2023/24 година во паралелките од I до V одделение согласно законот за основно образование наставата по физичко и здравствено образование со фонд од 3 часа неделно или 108 годишно ја реализираат тандем наставници. Наставата ќе ја реализираат одделенските наставници и двајца наставници по физичко и здравствено образование (Александра Војнеска Зикова и Моника Гаврилоска).

### 8.9. Изборна настава

Според наставниот план за учебната 2023/24 година кој се реализира согласно Концепцијата за основно образование (08-3980/1 од 3.3.2021):

- слободниот изборен предмет во I, II и III одделение ќе се реализира во форма на слободни активности што ги води одделенскиот наставник задолжен за паралелката во договор со учениците. Во времето предвидено за слободниот изборен предмет, секој ученик ќе се поттикнува самиот да избере што сака да прави како дополнување на она што е веќе учено во текот на денот/неделата и/или целата паралелка да избере заедничка активноста како поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците.
- Учениците од IV, V и VI одделение ќе избирааат два слободни изборни предмети во текот на учебната година, еден во прво полугодие, друг во второ полугодие од листа на слободни изборни предмети утврдена во училиштето.

На крајот на наставната 2022/2023 година за учениците од VII до IX се спроведе анкета за изборен предмет кој учениците ќе го изучуваат во учебната 2023/2024 година. Во анкетата за изборен предмет беа понудени следните предмети:

- Вештини за живеење, техничко образование, проекти од музичката уметност за VII одделение
- Нашата татковина, унапредување на здравјето, проекти од музичката уметност и проекти од информатика за VIII одделение
- Нашата татковина, истражување на родниот крај, проекти од музичката уметност, проекти од информатика за IX одделение

Согласно резултатите оваа учебна година ќе се реализираат следниве изборни предмети:

| Изборен предмет | Наставник | Одделение | Број на часови |
|---|---|---|---|
| Вештини за живеење | Билјана Дрвошанова | VII А | 2 |
| Вештини за живеење | Наталија Горѓевиќ Миревска | VII Б | 2 |
| Проекти од музичката уметност | Весна Трајковска | VIII В, IX А, IX Б, | 6 |
| Нашата татковина | Катарина Марковска | VIII А, VIII Б | 4 |

### 8.10. Дополнителна настава

Дополнителната настава се организира за учениците кои во текот на редовната настава не ги постигнале очекуваните резултати од одредени наставни програми или очекуваните резултати од одредени теми/области во рамките на наставните програми.

Ученици за кои се организира дополнителната настава се:

- ученици со помали предзнаења за наставниот предмет или одредена тема од наставниот предмет,
- ученци кои покажале слаби резултати од учењето (имаат негативна оценка за тој очекуван резултат или тема),
- ученици што подолго време отсуствувале од настава
- ученици со потешкотии во учењето.

Ученикот од прво до петто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу два различни наставни предмети одделно. Ученикот од шесто до деветто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу три различни наставни предмети одделно. Дополнителната настава за ученикот трае додека ученикот не ги постигне очекуваните резултати согласно наставната програма.

На дополнителна настава со учениците ќе се работи со приспособени форми и методи за полесно совладување на предвидените содржини. Секој наставник ќе води евиденција за присуство на часовите по дополнителна настава. Стручната служба активно учествува во реализација на дополнителната настава со цел да се детектираат причините за слабиот успех кај учениците. Во прилогот за дополнителна настава е даден и глобален распоред за одржување на дополнителна настава, а на месечна основа ќе се изготвува/ажурира распоред за дополнителна настава за секој наставен предмет и ќе се објавува на огласна табла и на интернет страница. Наставниците во текот на наставната година електронски водат педагошка евиденција за дополнителна настава (образец-16) која на крајот на наставната година се печати и архивира.

Наставниците за реализацијата на дополнителната настава ќе соработуваат со родителот/старателот на ученикот преку информирање на родителот/старателот за потребата ученикот да следи дополнителна настава и за распоредот за реализирање на дополнителната настава, редовно информирање на родителот/старателот за напредокот на ученикот.

## 8.11. Додатна настава

Додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмет и покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата за одделни наставни предмети, одделна тема/област од наставен предмет.

Додатната настава можат да ја следат ученици од прво до деветто одделние и тоа:

- напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет,
- ученици што покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма,
- ученици што се пријавуваат за учество на натпревари.

Додатната настава ја реализира одделенскиот наставник, односно наставникот по конкретниот наставен предмет за кој покажал интерес ученикот. Додатната настава ученикот ја следи во текот на целата учебна година или повремено во договор со наставникот, а по одлука на ученикот и во соработка со родителот, односно старателот. Додатната настава се организира во мали групи со најмногу до десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделение.

Во прилогот за додатна настава е даден и глобален распоред за одржување на додатна настава, а на месечна основа ќе се изготвува/ажурира распоред за додатна настава за секој наставен предмет и ќе се објавува на огласна табла и на интернет страница.
Наставниците за реализацијата на додатната настава ќе соработуваат со родителот/старателот на ученикот преку давање согласност од родителот/старателот ученикот да следи додатна настава и информирање за распоредот за реализирање на додатната настава, давање совети, сугестии и насоки за натамошен напредок на ученикот за конкретно подрачје/област како и вклучување во планирањето на додатната настава.
На додатна настава со учениците ќе се работи на интерактивен начин преку истражувачки активности, учење со откривање и решавање на проблемски ситуации, самостојно истражување од страна на ученикот и слично.
Секој наставник ќе води евиденција за присуство на часовите по додатна настава. Наставниците во текот на наставната година електронски водат педагошка евиденција за додатна настава (образец-17) која на крајот на наставната година се печати и архивира.
Преку додатната настава се овозможува стекнување на дополнителни знаења, унапредување на способностите, потесна професионална ориентација, подготовка за учество на натпревари.

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Во воспитно-образовниот процес знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој, како и да го подржи талентираниот ученик.

Работата со надарените деца, претставува важен сегмент во образовниот систем. Акцентот во Програмата за работа со надарени ученици се става врз методите и формите на работа кои ќе бидат насочени кон самостојно учење и користење информации, развивање на способности, формирање методи, умеења и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија. Работата со надарените и талентирани ученици ќе се остварува преку:

- индивидуализација во наставата со учениците;
- групна настава за учениците со приближно исти способности;
- проектни активности;
- слободни ученички активности;
- организирање натпревари,конкурси и истражувачки активности;
- организирање креативни работилници.

**Цели:**

- дефинирање на поимот за надареност според Рензули;
- да се препознаат и идентификуваат надарените ученици;
- дефинирање на поимот за надареност според Рензули;
- да се препознаат и идентификуваат надарените ученици по видот на талентот;
- да се откријат карактеристиките на надарените ученици;
- практична работа со надарените ученици и нивно професионално насочување;
- следење на развојот и напредокот на личноста на ученикот;
- да се поттикунува мотивацијата кај учениците;
- давање совети за родителите на надарени ученици;
- развивање на способностите на ученикот за едно или повеќе подрачја,преку развој на нивните способности,интереси, мотивацијата и техники на учење;
- учество на натпревари;
- правилен психо-физички развој на личноста на надарениот ученик.

**Задачи:**

- идентификација на надарените ученици;
- изработка на програми за работа со еден или група на ученици;
- тимска работа на следење на работата на надарените ученици;
- обезбедување на услови за реализација на програмите (распоред на часови, наставни средства, литература, форми на поучување);
- вреднување на резултатите и постигањата на учениците.

Секој наставник со употреба на разновидни начини и мерки за вреднување, со цел избирање на надарени деца на различна возраст и со различни способности треба да изработи диференцирани наставни планови кои видно се разликуваат од постојните базични планови кои се задолжителни за сите ученици. Тие содржат различни наставни предмети, различен број на часови и други активности кои се одредуваат во зависност од видот на надареноста и возраста на ученикот.

Овие наставни планови и програми подразбираат повисоко научно-теоретско ниво на програмските содржини, специфичен и проширен обем на содржини, поголема длабочина на суштината и разновидност на програмските содржини и висока меѓупредметна корелативна поврзаност на програмските содржини. Наставникот преку овие наствани програми

за надарени деца треба да е во улога на соработник; наставниот диференциран програмски курикулум да е флексибилен и прилагодлив за наставниците кон секој ученик или група на ученици.Преку практична реализација на диференцираните планови и програми како и преку практичната реализација на работните вежби наменети за понапредните ученици би се афирмирал поквалитетен педагошки третман за овие ученици како во рамките на редовната, додатната настава и слободните ученички активности.

Врз основа на идентификација на надарените ученици, училиштето ќе изготви Индивидуализирани програми за надарени и талентирани ученици и истите ќе ги реализираат одговорни наставници во соработка со стручните соработници.

| Цели | Содржини и Активности | Реализатор | Време | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| -Креирање на политика за работа со надарени и талентирани ученици<br>-Формирање на Училишен тим за работа со надарени и талентирани ученици | -Формирање на тим за поддршка<br>-Изготвување на годишна програма за работа<br>-Евидентирање на надарените ученици<br>-Разговор со одд. наставници и раководители | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители | Септември | -Успешна реализација на планираните активности |
| -Идентификација на талентираните ученици во области на математика, танц, музика, ликовна уметност<br>-Запознавање на тимот со надарените ученици и видот на надареност<br>-Задавање на тестови за утврдување на специфичните способности на учениците | -Разговори со одд.наставници, раководители, предметни наставници и родители<br>-Советодавни консултативни разговори со одд.наставници, раководители, предметни наставници, ученици и нивните родители | Стручни соработници<br>Одд. наставници и раководители<br>Предметни наставници<br>Стручни соработници, одд.наставници, одд.раководители и предметни наставници ученици, родители | Октомври<br><br>Јануари, февруари | - Преглед и евиденция на талентираните ученици во потесна област<br><br>-Проценка на специфичните способности на надарените ученици<br>-Примена на соодветни форми/методи за работа со овие ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| -Вклучување на надарените ученици во додатна настава и воннаставни ученички активности | Примена на современи наставни методи и форми<br>-Избор на задачи, материјали, дополнителна литература за развивање на интересите и надареноста на овие ученици | Одд.наставници и раководители<br>Предметни наставници | Во текот на годината | -Планирање и организација на поучувањето на овие ученици<br>-Проширување на програмите за работа со соодветни содржини прилагодени кон потребите на надарените ученици |
| -Следење на индивидуалните постигања на надарените учениците<br>( на крајот на секој квалификационен период) | -Евиденција на успехот, редовноста и однесувањето<br>-Анализа на постигањата на надарените ученици од работата во воннаставните ученички активности и додатната настава | Одд. наставници<br>Одд.раководители<br>Стручни соработници<br>Предметни наставници<br>Родители | Ноември<br>Јануари<br>Април<br>Јуни | -Проценка на постигањата на овие ученици<br>-Определување на соодветни форми/методи за понатамошна работа<br>- Подобрување на постигањата на надарените ученици |
| -Подобрување на социјалниот и емоционалниот статус на надарените ученици | -Разговори со учениците на одд.часови<br>-Разговори со родителите на родителски и индивидуални средби | Стручни соработници, родители, одд.наставници и раководители, предметни наставници | Во тек на годината | -Развивање на позитивни ставови кај учениците кон надарените учениците<br>-Вклучување на надарените ученици во активности од локалната заедница<br>-Подобрување на социјализацијата на надарените ученици |
| -Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со надарените ученици | -Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на програмата за работа со надарени ученици<br>-Изготвување на стратегија за понатамошна работа | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители | Јуни | Проценка на ефектите и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес со овие деца |

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Во училиштето е формиран училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план (ИОП) или по модифицирана наставна програма.

**Училишниот инклузивен тим** е составен од седум члена и тоа: Светлана Петровска- директор, Валентина Јовановска-психолог, Марија Костовска-дефектолог, Дијана Николовска-одделенски наставник, Сања Пецевски-предметен наставник, Јелена Стоилковска-родител и Валентина Анчева-родител. Тимот е со мандат од три учебни години и неговата задача е да ги осмислува и спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во воспитно-образовната работа.

**Инклузивниот тим за ученикот** е за период до завршување на основното образование на ученикот и е составен од: наставниците на ученикот, родителот односно старателот, педагогот, односно психологот, односно социјален работник во училиштето, специјалниот едукатор и рехабилитатор, образовен асистент и личен асистент. Задачата или неговата улога е во фокусот на својата работа ги имаат конкретните ученици и изготвување и реализирање на нивните индивидуални образовни планови

Училишни програми и планови

Инклузивниот тим за ученикот подготвува ИОП за ученикот со попреченост согласно со неговите индивидуални потенцијали и потреби, во рок од 30 дена од денот на започнување на настава на ученикот во училиштето. Индивидуалниот образовен план вклучува адаптации во резултатите од учењето на наставната програма, воведување специфични активности и наставни методи што ќе овозможат постигнување на резултатите од учењето.

Модифицираната наставна програма се подготвува за секој воспитно-образовен период на основното образование и со неа се определуваат резултатите од учење базирани на компетенциите со кои учениците треба да стекнат и развијат самостојност, личен развој и социјални односи.

**Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби**

| **АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ИНКЛУЗИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред .бр | Задача | Активност | Временска рамка (месец) | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице |
| ***1.*** | **Креирање политика за работа со ученици со посебни потреби** | Изработка на акционен план и годишна програма за работа | Јуни | тим | Насоки за изработка на годишна програма за работа на училиштето(годишна програма) | / | Успешно реализирање на планираните цели | Тим |
| ***2.*** | **Идентификација на ученици со ПП и емоционални потешкотии** | -Разговори со одд.наставници и раководители<br>-Идентификува ње на учениците со ПП, изработка на процедура за идентификација на ученици со ПП | септември | одд. наставници<br>тим | Дијалог, процедура за следење и изработка за ИОП, Советодавен центар за деца и родители СОС Детско село, патролни социјални работници | / | Евидент на уч. со посебни потреби и емоционални потешкоти и градење на соодветна стратегија за работа со нив | Тим |
| ***3.*** | **Изготвување на индивидуален** | -Ревидирање на ИОП (форма, содржина...)<br>-Изготвување на ИОП-долгорочен-среднорочен-дневно | септември конт. по теми за | Наставници, Стручни соработници | год.програма за соодв. одд.<br>Наод и мислење од ЗМЗ, Центар за слух, говор, глас, | Формулар за ИОП | Успешна реализаци ја на наставната програма со | Тим |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **образовен план** | планирање на диференцирани цели<br>-Изготвување на ИОП за учениците со ПП од прво одделение | соодв. Пред мет | Родител и | Клиника за детски болести, Клиника за психијатрија | | сите ученици | |
| ***4.*** | **Континуи рана поддршка на учениците со ПП** | -Консулатативни разговори на стручните соработници со одделенските наставници, раководители и родители<br>-Советодавно-консултативна работа со учениците со емоционални потешкотии и посебни потреби | во тек на учебна та година | Стручни соработн ици<br>Одд. Наставни ци<br>Одд.рако водители<br>Родител и<br>Ученици | Консултативно-советодавна работа, Советодавен центар за деца и родители СОС Детско село, патролни социјални работници, ЦСР | досие на ученик со ПП | -Подобру вање на постигања та<br>-Вклучува ње во животот на паралелка та, училиште то и локалната заедница<br>-Зајакнува ње на родителскит е вештини и капацитети | Тим |
| ***5.*** | **Следење на активности те и постигања та на учениците со поп** | -Евиденција за успехот, редовноста и однесувањето на учениците<br>-Следење и процена на постигањата на учениците со ПП и ревидирање на ИОП | по завршу вање на секој кварта л | Тим за откривањ е и грижа за уч. со емоц. потешко-тии и ПП | Евидентни листови за оценување | евид. лист за следењ е на ученико т сред. ИОП | -Процена на постигањата<br>-Вклучува ње на овие ученици во групна работа и слободни | Тим |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Стручни соработн ици Оддел. Наставни ци Оддел. Раководи тели | | | ученички активности -Подобру вање на инклузивнат а пракса | |

**8.14. Туторска поддршка на учениците**

На почетокот на учебната година училиштето ги информира родителите/старателите на учениците за можноста за дополнителна поддршка - подучување на нивните деца од страна на тутор-волонтер по наставните предмети за кои сметаат дека со туторство нивните деца може да остварат повисоки резултати во учењето. Дополнителната поддршка се реализира по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година во која е запишан ученикот согласно Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование, по претходно добиена писмена согласност од родителот, односно старателот. Тутор-волонтер е редовен студент кој доброволно подучува ученици и кој ги исполнува посебните критериуми за избор за тутор-волонтер. Училиштето нуди помош и поддршка на родителите/старателите при избор на тутор-волонтер од порталот/веб апликацијата за туторство која содржи дата база на одбрани студенти - тутори.

**8.15. План на образовниот медијатор**

На почетокот на учебната година училиштето врши процена за потребата од ангажирање на образовни медијатори за учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем и најдоцна до 15 септември доставува доставува барање до Министерството за образование и наука. Образовниот медијатор презема активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштата, спроведува редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, соработува со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците и презема активности за намалување на напуштањето на воспитно-образовниот процес на учениците Роми.

# 9. Воннаставни активности

## 9.1. Училиштни спортски клубови

Училишниот спортски клуб „Наум Наумовски - Борче 2014“ – Скопје е основан на 11.11.2014 година. Одговорни наставници се Дејан Боневски, Александра Војнеска Зикова и Моника Гаврилоска. Активностите на училишниот спортски клуб се одвиваат во периодот од септември до мај во спортовите: одбојка, фудбал, кошарка, ракомет и атлетика и се вклучени ученици од VI до IX одделение, а за шах се вклучени ученици од I - IX одделение. Финасирањето на училишниот спортски клуб согласно Законот за основно образование член 34 - а може да биде од доброволни прилози, донации, подароци, завештанија и легати. Истотака училишниот спортски клуб може да добива средства и од буџетите на општина Гази Баба. Активностите училишниот спортски клуб и нивната реализација ќе бидат следени и евалуирани од тим од Федерација на училишен спорт на Македонија.

| Видови спорт | Општи цели | Конкретни цели | Конкрети зиран план на активности | Време на реализа ција | Планирани настапи и турнири |
|---|---|---|---|---|---|
| Одбојка | Совладување, увежбување и усовршување на основните спортско – технички елементи од одбојката и нивна примена во игра | ➢ Да се совладаат, увежбаат и усовршат основните одбојкарски ставови и движења, како и основната техника на одбивање на топка со прсти и чекан во место и движење;<br>➢ Да се совлада, увежба и усоврши техниката за смечирање со одраз на една и две нозе<br>➢ Да се совлада,увежба и усоврши техниката на школски сервис<br>➢ Да се совлада,увежба и усоврши техниката на блокирање и развивање на спретноста и скочноста<br>➢ Да се увежбаат тактичките варијанти во напад и одбрана со промена на места<br>➢ Да се научат и применат правилата на одбојкарската игра; | Два пати неделно | Септем ври - Мај | Општински, Зонски, Регионални и Државни натпревари |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ➢ Да се развие духот на спортско – корекно натпреварување и фер – плеј; | | | |
| Фудбал | Совладување,Ув ежбување и усовршување на техничките и тактичките елементи од фудбалот | ➢ Да се совлада, усоврши водењето на топката, како и да се развие координацијата во просторот;<br>➢ Да се совлада увежба и усоврши додавањето, примањето на топка ,како и различните видови на удари со топка<br>➢ Да се совлада голманската техника за фаќање и уфрлање на топка во игра<br>➢ Да се совладаат основните тактички варијанти во на пад и одбрана;<br>➢ Да се совладаат и увежбаат тактичките варијанти применети во игра; | Два пати неделно | Септемв ри - Мај | Општински, Зонски, Регионални и Државни натпревари |
| Кошарка | Совладување и усовршување на основните елементи од кошарката, како и запознавање со основните правила и подобрување на моторичките способности | ➢ Да се совлада увежба и усоврши додавањето и фаќањето на топката во место и во движење;<br>➢ Да се совлада увежба и усоврши водењето на топката (дриблинг)<br>➢ Да се совлада увежба и усоврши техниката на шутирање на кош;<br>➢ Да се совлада увежба и усоврши индивидуалната одбрана<br>➢ Да се совлада увежба и усоврши зонската одбрана<br>➢ Да се совлада увежба и усоврши конбинираната одбрана<br>➢ Да се совлада увежба и усоврши игра напад (контранапад)<br>➢ Да се совлада увежба и усоврши игра напад против зонска одбрана<br>➢ Да се учествува во игра со примена на правила во кошарката. | Два пати неделно | Септемв ри - Мај | Општински, Зонски, Регионални и Државни натпревари |
| Ракомет | Совладување, увежбување и усовршување на | ➢ Да се совлада,увежба и усоврши додавањето и фаќањето на топката во место и во движење; | Два пати неделно | Септемв ри - Мај | Општински, Зонски, Регионални |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | техника на елементите од ракометот и нивна примена во игра со основните правила и судења | ➢ Да се совлада, увежба и усоврши водењето на топката (дриблинг)<br>➢ Да се совлада, увежба и усоврши техниката на шутирање на гол од 6 и 9 метри;<br>➢ Да се совлада, увежба и усоврши техниката на финтирање<br>➢ Да се совлада, увежба и усоврши техниката на блокирање<br>➢ Да се совлада, увежба и усоврши контранападот<br>➢ Да се совлада, увежба и усоврши елементите на голманската техника<br>➢ Да се примени игра на два гола со примена на основната техника,тактика и правилата на ракометот. | | | и Државни натпревари |
| Атле тика | Совладување и усовршување на техниката на трчање, скокање и фрлање како и подобрување на функционалните, моторичките и основните спортско технички знаења, умеења и навики | ➢ Да се совлада и усовршува општата кординација и кординацијата со рацете и нозете;<br>➢ Да се совлада и усоврши техниката на низок и висок старт;<br>➢ Да се совлада и усоврши скоковите во далечина и височина (развој на скокалност, координација и експлозивност);<br>➢ Да се совлада и усоврши техниката на фрлање ѓуле;<br>➢ Да се развие силата на мускулните групи на горните екстремитети, раменскиот појас и вратот; | Два пати неделно | Септем ври - Мај | Општински, Зонски, Регионални и Државни натпревари |
| Шах | Решавање комплексни проблеми | ➢ поттикнување критичкото размислување<br>➢ да научат за постоењето на последица<br>➢ Учениците да се научат на сериозност, дисциплина и вложување труд<br>➢ Учениците да ги зајакнат концентрацијата, визуализацијата, антиципацијата, | Два пати неделно | Септемв ри - Мај | Општински, Регионални, Државни<br><br>Европски |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Подобрува емоционалната интелигенција<br>Развој на детските когнитивни вештини (заклучување, дедукција, индукција...) | одмереноста, анализата, апстрактното мислење, планирање и да ја ангажира интуицијата. | | | Светски првенства<br>Меѓународн рејтингуван и турнири |

## 9.2. Секции/Клубови

Секциите се подолготрајни воннаставни активности коишто се реализираат еднаш неделно  во текот на едно цело полугодие или на цела учебна година. Секција се формира за потребите на група ученици кои споделуваат заеднички интерес. Секциите ги водат наставници кои се одговорни за нивната реализација, а по потреба во работата на секцијата може да се вклучат и други наставници, родители (во улога на помошници или носители за активностите) или волонтери од заедницата.

Функционирањето на секциите/клубовите во училиштето ќе ја поттикнува и негува детската љубопитност и нивните сознајни способности, ќе овозможи доследност, истрајност  и самостојност во извршување на задачите и мотивираност да се афирмираат себеси. Планирањето и реализацијата на секциите/клубовите ќе се реализираат според насоките дадени во Концепцијата за воннаставни активности.
Во училиштето ќе функционираат следниве секции: кошарка, фудбал, хор, оркестар, драмска и литературна секција, информатичка-клуб за кодирање, биолошка, еколошка, музичка, ликовна, историска, граѓанско образование, географска, млади физичари, млади библиотекари, сообраќајна, ритмичко-рецитаторска, математичка, шаховска и секција по странските јазици и други  кои  работат според програми за работа.
Одговорниот наставник го планира и начинот на континуирано следење на учениците-учесници во секцијата. За време на реализацијата на секцијата наставникот: ја следи и ја бележи редовноста на секој вклучен ученик; ја следи ангажираноста на секој вклучен ученик за време на активностите; и го следи и го вреднува напредокот на секој вклучен ученик во стекнувањето на знаењата, вештините и вредностите/ставовите зацртани со целите на секцијата.

**9.3. Акции**

Во рамки на краткотрајни вонnаставни активности во текот на учебната година училиштето планира организирање на акции од општествен, хуманитарен и друг карактер, како што се на пример различни еколошки акции, хуманитарни акции, продажни базари, волонтерски активности и друг вид на општествено корисна работа.
Дел од акциите ќе бидат организирани во самото училиште, а дел од акциите може да се насочат и кон пошироката заедница односно надвор од училиштето од типот на читање на книги на деца, собирање на хартија во соседството и др.
Акциите се иницирани од училиштето односно раководството на училиштето, стручните соработници или наставниците и ученичките тела во училиштето. Раководството на училиштето во соработка со наставниците и претставниците на ученичките тела ги избира акциите што ќе бидат спроведени во текот на учебната година..
За реализација на акциите ќе бидат одговорни одделни наставници или сите наставници во зависност од содржината на акцијата која ќе се реализира. Во зависност од типот на акцијата при реализацијата на истата ќе се вклучаат и родителите на учениците и стручните соработници.
На почетокот на учебната година училиштето ќе ги информира сите ученици и родители за акциите кои се предвидени да се реализираат со Годишната програма за работа на училиштето преку истакнување на планот на акции на огласна табла.
Акциите ќе бидат достапни за сите ученици со учество на доброволна основа.
Одговорните наставници во соработка со другите субјекти кои ќе бидат вклучени во реализацијата на акцијата ќе го следат и евидентираат учеството на секој ученик во акцијата. За учениците кои особено ќе се истакнат при реализацијата на акцијата одговорните наставници ќе подготвуваат посебни белешки за активноста на учениците во дадената акција.
Целта на планирање и реализирање на акциите е кај учениците да се поттикне и развие свеста за хуманост, солидарност, за чиста и здрава животна средина, меѓусебна подршка и соработка, соработка со родителите и локалната заедница и сл.
План за дел од планирани акции (во зависност од условите планот за акциите може да биде модифициран)

Во нашето училиште постојат тимови кои во своите програми и акциони планови планираат акции како на пр: приредби, базари, хепенинзи, хуманитарни и еколошки акции, конкурси и сл.

- Тим за организација на јавна и културна дејност во училиштето (Цел на тимот: развивање творечки способности кај учениците, афирмација на училиштето и успешна комуникација со јавноста )
- Тим за соработка со родители/ старатели (Цел на тимот: подобрување и продлабочување на соработката со
- родителите/старателите )
- Детска организација (Цел на тимот: во наставата да се посвети внимание на значајните датуми и настани од секојдневниот живот)

- ЕКО тимот (Цел на тимот: поголем ангажман на учениците и вработените во училиштето за изгледот на училишната зграда и училишниот двор (чисто училиште, зголемување на бројот на дрвја, засадување на сезонско цвеќе), заштеда на вода и енергија бројни акции, кампањи и сл.активности.)
- Меѓуетничка интеграција на младите во образованието (Цел на тимот: реализирање на ативности за запознавање и јакнење на мултикултурата и заедницата, почитување и прифаќање на различностите.)
- Превенција од насилно однесување (Цел на тимот: учениците да се запознааат со видовите на насилно однесување и начините на справување со истите.)
- Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта (Цел на тимот:учениците да се запознаат со облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата)
- Црвен крст (Цел на тимот: создавање, развивање и негување хигиенски навики кај учениците, подигнување на нивото на здравствената култура, оспособување на подмладокот за укажување прва помош во случај на несреќи, развивање на чувства за хуманизам, солидарност, сочувство, толеранција и почитување, како и водење постојана грижа за здравјето преку здрава исхрана и здрава и чиста средина за живеење.)
- Тим за естетско уредување на училиштето (Цел на тимот: естетско вообличување на просторот во училиштето со поттикнување на креативноста и фантазијата на учениците.)

| Содржина | Време на реализација | Одговорни лица | Одделение Ученици | Потребни средства и материјали | Извори на средства | Тим за следење на акцијата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Хуманитарна акција „ Денови на гладта“ Во рамки на Детската недела | Октомври | Елизабета Темелковска Оливера Филиповска | Сите ученици од 1-9 одделение | Картонска кутија | Доброволни прилози од ученици и вработени | Директор, педагошка служба, стручен актив, совет на родители |
| Новогодишен базар | Декември | Одделенски раководители од I до IX одделение | Сите ученици од 1-9 одделение | Клупи, хартија | Од училиштето, изработки од ученици, доброволни прилози од родителите | Директор, педагошка служба, стручен актив, совет на родители |
| Велигденски хепенинг | Април/мај | Одделенски раководители | Сите ученици од 1-9 | Клупи, хартија | Од училиштето, изработки од ученици, | Директор, педагошка служба, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | од I до IX одделение | одделение | | доброволни прилози од родителите | стручен актив, совет на родители |
| Одбележување на Ден на пролетта | Март, | Билјана Велјановска Фросина Ристовска Одделенски наставници | Сите ученици од 1-9 одделение | Садници, алати за копање, ракавици | Локална самоуправа и училиштето | Директор, педагошка служба, стручен актив, совет на родители |
| Одбележување на Еко настани според Еко календарот опфатени со Акциониот план од Еко програмата | Во текот на целата учебна година | Билјана Велјановска Одделенски и предметни наставници | Сите ученици од 1-9 одделение | Хартија,хамери, фломастери, разглас | Училиштето | Директор, педагошка служба, стручен актив, совет на родители |
| Недела на здравјето Работилница со ученици | 2 часа прва недела од април | Фросина Ристовска наставник Биологија | Ученици од VI - IX одд. | ЛЦД проектор, компјутер, смарт табла | Училиштето | Директор, педагошка служба, стручен актив, совет на родители |
| Активности Детска организација Црвен крст Училишни натпревари Еко активности …. | Во текот на целата учебна година | Елизабета Темелковска одделенски наставници, предметни наставници | Сите ученици од 1-9 одделение | ЛЦД проектор, компјутер, смарт табла хартија, хамери,фломастери, разглас и др | Училиштето | Директор, педагошка служба, стручен актив, совет на родители |
| Работилница Изработка и тестирање сопствени индикатори | II седмица, март | Даниела Кузманоска-наставник по биологија-хемија и природ.науки | ученици од VIII и IX одделение | хартија, хамери, фломастери, потребни материјали за работилницата | Училиштето | Директор, педагошка служба, стручен актив, совет на родители |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Работилница за одбележување на Ден на планетата земја | февруари | Катарина Марковска наставник по географија Даниела Кузманоска | Ученици од 6 -9 оддд | ЛЦД проектор, компјутер, смарт табла, хартија, хамери, фломастери, разглас и др | Училиштето | Директор, педагошка служба, стручен актив, совет на родители |
| Работилници еколошки творби | Март | Одделенски наставници | Ученици од I до V одделение | хартија, хамери, фломастери | Училиштето | Директор, педагошка служба, стручен актив, совет на родители |
| Активности од Стратегија на општина Гази Баба за МИО | Септември-јуни | Одделенски и предметни наставници | ученици од 1-9 | компјутер, принтер матријали за работилници (хартија, бои, сталаци, лесонит, хамери) | МОН, општина Гази Баба Училиштето | Одделенски и предметни наставници |
| Воннаставни и наставни (ликовнообразование) активности | Септември-Мај | Дијана Николовска | Ученици од 4 одд | Учебници, компјутери, штафелаи, глина, бои и четки(прибор за ликовно образование согласно програмата | ОБСЕ Гази Баба Учичиште Партнер училишта | Тим за МИО |
| Работилници и активности Здрава храна | Септември Октомври Ноември | Фросина Ристовска Даниела Кузмановска Марија Наневска | Ученици 5-6 одделение | Компјутер, принтер, Храна(овошје, зеленчук) и прибор за работа Бои, блок листови | Училиште Центар за јавно здравје, здруженија | Одделенски и предметни наставници Родители, ученици |

## 10. Ученичко организирање и учество

Ученичкото организирање и учество има посебно лично и општествено значење бидејќи е најдобро средство преку кое учениците можат да учат како да застанат во одбрана на своите и правата на другите, како да влијаат врз процесите на одлучување и како се учествува демократски во животот на училиштето и на заедницата. Организирањето во заедница на

паралелката, ученичкиот парламент, како и секоја друга форма на ученичко организирање во училиштето, е според изготвен годишен план за работа со акциски план на активности поради подобра организација на работата и поради евидентирање на активностите. Овој план овозможува полесна и поефикасна реализација и организирање на сите активности. Акцискиот план се составува на почетокот на секоја учебна година и се однесува на активностите во текот на учебната година и преку нив на учениците им се дава вистинска можност да влијаат врз донесувањето на одлуки за прашања што се од интерес за нивниот живот во училиштето и надвор од него.
Учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Конститутивната седница на ученичкиот парламент се одржува во последната работна недела во месец септември (односно веднаш по изборот на претседатели на заедници на паралелки). Изборот за претседател на ученичкиот парламент е прва точка на конститутивната седница на ученичкиот парламент. На конститутивната седница се избира комисија од тројца членови (на самоиницијативен предлог од страна на претседателите на паралелките кои нема да се кандидираат за претседател), која го спроведува изборот на претседател на ученичкиот парламент.
Ученички правобранител е ученичка функција и должност која претставува нов модел на ученичко учество, доста значаен за заштита и унапредување на детските права во училиштето. За да се обезбеди поголемо вклучување во различни одделенија, освен ученички правобранител се избират и (најмалку) двајца негови заменици. Функцијата и улогата на ученичкиот правобранител и неговите заменици ќе биде составена од две примарни компоненти:

1. Промовирање на детските права.
2. Поддршка за заштита на детските права.

Потребните средства и материјали за ученичко организирање и учество ќе се добиваат од училиштето и од спонзорства.

План за работа на Подмладокот на Црвениот крст

Друштвото на Подмладокот на Црвениот крст има своја важност и задачи кое како здравствена и социјална организација во основните училишта треба:

- да ги запознава учениците со целите и задачите на Црвениот крст;
- да ги оспособува учениците за земање активно учество во реализација на различни акции и програми;
- да го подигне нивото на здравствена култура и да ги оспособува учениците да се грижат и да го унапредат своето здравје;
- да развива смисла за меѓусебна помош, солидарност, пријателство како и разбирање меѓу луѓето на национален и интернационален план без оглед на национална и расна припадност;
- организирање на хуманитарни акции

# 11. Вонучилишни активности

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Со програмата за ученички екскурзии на ООУ„Наум Наумовски Борче“ во учебната 2023/2024 година се предвидени следниве активности: организирање на екскурзии со воспитно-образовен карактер чија цел е кај учениците да се развива интерес и љубов кон природните богатства и културно-историското наследство на Р.С.Македонија како и зацврстување на другарството и взаемното почитување.

Според програмата во текот на учебната година за сите ученици е планирано да бидат организирани два еднодневни излети (есенски и пролетен), настава во природа за учениците од V одделение, еднодневна екскурзија за учениците од III одделение, дводневна екскурзија за учениците од VI одделение и тридневна екскурзија за учениците од IX одделение. Тимот за изработка на програмата е: Светлана Петровска-директор, Лилјана Стефановска-наставник по граѓанско образование и етика, Дејан Боневски-наставник по физичко и здравствено образование, Маја Давидовска Бошевска-наставник по математика и Виолета Силјановска-одделенски наставник.

## 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Учениците од ООУ„Наум Наумовски Борче“ се вклучени во следните вонучилишни активности:

- КУД „Јонче Христовски“ – ученици од II - IX одделение
- Балетско студио МФИТ (класичен, модерен балет, хип хоп) - ученици од III до VII одд.
- Одбокајски клуб „Јанта Волеј“- ученици од VI до IX одделение
- Кошаркарски клуб „Феникс“- VI до IX
- Кошаркарски клуб „МЗТ Аеродром“
- Фудбалски клуб „Маџари“
- Ракометен клуб „Аеродром“
- Таеквондо „Тигри“
- Пливачки клуб „Центар“
- Карате клуб
- Училиште за глума

## 12. Натпревари за учениците

Со цел афирмирање на постигањата на учениците, во текот на учебната година учениците ќе учествуваат на натпревари (општински, регионални и државни) организирани од акредитирани здруженија од МОН, или натпревари кои се подржани од МОН кои се во организација на други институции. Истотака во училиштето ќе се одржуваат училишни натпревари, на дел од овие натпревари ќе се избираат учениците со најдобри постигнувања кои ќе учествуваат на општинските или регионални натпревари во зависност од критериумите за учество на натпреварите. Планот за подготовка и одржување на училишните натпревари ќе биде објавен на огласната табла. На часовите на додатна настава учениците ќе се подготвуваат за учество на натпревари и ќе им се даваат насоки за самостојно учење. Учениците од одделенска настава ќе учествуваат:

- на училишни натпревари организирани од одделенските наставници,
- на електронскиот натпревар „Дабар“,
- на ликовни и литературни конкурси,
- на општински, регионални и државни натпревари по математика, природни науки, англиски јазик организирани од акредитираните здруженија.

Учениците од предметна настава ќе учествуваат:

- на училишни натпревари организирани од предметните наставници за соодветен предмет,
- на ликовни и литературни конкурси во и надвор од државата,
- на општински, регионални и државни натпревари по математика, природни науки, македонски јазик, англиски јазик, француски јазик, информатика, биологија, хемија, физика, географија, хор и оркестар и други организирани од акредитираните здруженија од МОН.
- На натпревари организирани од други институции како на пример: Европски квиз на парите, Ученичка квизотека, натпревар по Прва помош, натпревар-Млади библиотекари, натпревар за противпожарна заштита, Народна техника, Денови на електротехника, натпревар по иновации, на електронскиот натпревар „Дабар“, шаховски натпревари и други.
- во Општинските спортски лиги (фудбал, одбојка, кошарка, ракомет и др) и регионални спортски лиги.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристики за квалитетното образование во ООУ „Наум Наумовски Борче“ во рамките на воспитно-образовна дејност во учебната 2023/2024 година. Училиштето во рамките на својата работа се потпира на основните принципи и вредности на кои почива концепцијата на основното образование, а тоа се промовирање на мултикултурализам и меѓуетничката соработка во образованието. Тргнувајќи од принципите на мултикултурност/интеркултурност и мултиетичност, содржините, методите и активностите кои ќе се реализираат во училиштето ќе ја промовираат толеранцијата и почитувањето на разликите, како вредности кои ќе овозможат стекнување знаења и вештини за разбирање и почитување на другите.

Нашето училиште ќе го промовира развивањето на вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и нивната култура, јазик и традиција. Училиштето исто така ќе допринесе да се развие свест кај учениците за своето културно потекло и за поттикнување на интересот за запознавање на културното наследство на другите заедници. За таа цел нашето училиште воспостави партнерска соработка со училиште од општина Чаир, с. Коњари и Куманово во спроведување на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието. Заедничка цел ни е да се надминат предрасудите, стереотипите и да се развие чувство на заедничка припадност, толеранција и почитување меѓу учениците од различна етничка, јазична и културна припадност.

Соработката на учениците од нашите училишта, и спроведувањето на заедничките активности ќе овозможи развивање на граѓанска свест кај учениците за припадност на државата и негување на националниот и културниот идентитет, во духот на почитување на луѓето без разлика на нивната социјална, културна, родова и верска припадност, физичките или менталните способности.

Нашето училиште и во учебната 2023/2024 година, ќе ја продолжи соработка со сите основни училишта во Општина Гази Баба во спроведување на заеднички активности за меѓуетничка интеграција во образованието.

Основните училишта во Општина Гази Баба ја одразуваат демографската структура на населението и претставуваат пример за мултикултурно и мултиетничко општество. Во овие микроопштествени средини учат ученици Македонци, Албанци, Роми, Турци, Бошњаци, Срби, Власи и други, и тоа во еднојазични македонски или албански училишта или во двојазични училишта, на македонски и албански наставен јазик. Во нив постои позитивна клима и посветеност кон унапредување на соработката и интегрирање на учениците од различна етничка, јазична, религиска и

друга структура. Нашата општина беше една од најактивните во Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието во однос на реализација на самостојни и заеднички МИО активности, но и во поглед на искористеност на грантови и ресурси кои ги нуди МОН, ОБСЕ, УСАИД и други партнери и пријатели на образованието и на интеграцијата на учениците од етнички аспект. Ефектите од овие проекти и заеднички активности на учениците се трајни и далекусежни, бидејќи тие истовремено работат на себе и сопствената личност за зголемување на толеранцијата и прифаќање на различностите, но и на својата непосредна средина, од каде што потекнуваат овие ученици. Забележително беше и родителското вклучување во заедничките активности што придонесе кон зајакнување на капацитетите и поддршката на училиштата, вклучително и наставниците, во градење на овие трајни вредности.

ООУ “Наум Наумовски Борче“ и оваа учебна година ќе ја продолжи со поддршка и спроведување на активности кои промовираат меѓуетничка интеграција во образованието, со цел учениците да можат да ги препознаат, и да уживаат во вредностите на мултиетничкото и мултикултурното богатство на наштата земја изразени низ мисијата и визијата на нашето училиште.

ООУ,, Наум Наумовски Борче” во партнерство со ООУ,,25 Мај” и ООУ,,Дане Крапчев” согласно со добиената апликација од 30.04.2023 година ќе спроведе активности со учениците преку заеднички наставни часови кои промовираат меѓуетничка интеграција во образованието. Преку активностите се остваруваат главните цели:

Зајакнување на меѓуетничките односи помеѓу децата и младите од различни јазици и културно потекло преку заеднички наставни и вонраставни активности; Поттикнување активности што даваат простор за меѓуетнички ангажман во согласност со училишните програми и министерските упатства; Поддржување одржливи иницијативни кои лесно би можеле лесно да се повторат во иднина; Всадување меѓусебна почит и надминување на етничките стереотипи и предрасуди; Развивање чувство на заедница и припадност преку универзални вредности.

Акционен план за реализација на унапредување на мултикултурализмот / интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

| Цели | Активности | Временска рамка | Носители | Начин на спроведување (ресурси) | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| Планирање МИО активности на училишно ниво | Информативно — консултативна средба со наставниците за планирање на МИО активности | јуни | Тим за училишна интеграција | Прирачници веб-страна | Успешно спроведување на планираните активности во рамките на ПМИО |
| Реализирање на заеднички наставни часови според план и програма | 1. Ликовно образование/ двонеделно (18 наставни часови со времетраење од 40 мин). Девет училишни часови во просториите на ООУ„25 Мај„ и девет училишни часови во просториите на ООУ„Наум Наумовски Борче„<br>3. Слободни активности / тримесечно (три слободни активности во текот на учебната 2023/24. | Септември-мај | Наставници ТУИ | Материјали и нагледни сретства за работа на час по ликовно образовани Прибор за работа | Успешно реализирани часови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Поттикнување соработка меѓу ученици од различни училишта и развивање мултикултурен сензибилетет | Формирање општински ученички парламент | октомври | Претседателите на ученичките парламенти од секое училиште во општината; ТУИ; Наставници | ИКТ (онлајн соработка); материјално - технички средства; прирачници; стручна поддршка | Зголемена соработка меѓу учениците на општинско ниво; Развиени чувства за толеранција, почит иемпатија |
| Собирање прехрамбени производи за помош на семејствата од социјален ризик | Собирна хуманитарна акција „Недела на гладта“- одбележување во рамки на кампањата „Помислете и на нас...“ | ноември | Подмладок на Црвен крст Клуб за едукација и превенција на Црвен Крст на РСМ | пунктови за донација, плакат, хамер, летоци | Придонес во глобалната борба против сиромаштијата Развиено чувство за солидарност и хуманост кај учениците |
| Промоција на активностите од соработката помеѓу основните училиштата на ниво на Општина Гази Баба | Изработка на веб-страница за проектот: „Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Општина Гази Баба“ | октомври-јуни | тим за училишна интеграција, наставници, ученици | ИКТ (онлајн соработка); матерјално - технички средства; прирачници; стручна поддршка | Транспарентно информирана јавност за активностите во рамките напроектот. Зголемена соработка на релација: ученик - наставник - родител - локална заедница |
| Запознавање со разликите и сличностите меѓу културите, разбирање на правото на различност и борба | ОВЖ- Работилници | септември-јуни | Одделенски наставници, одделенски раководители и ученици | Прирачници за ОВЖ, нагледни средства, интернет | Ученици кои ги почитуваат човечките вредности без разлика на културна и верска припадност |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| против дискриминацијата | | | | | |
| Да се поттикне интерес за запознавање со културното наследство на различни етнички заедници и почитување на различностите | Изработка и изложба на макети на народни носии | Ноември | Ученици, одделенски, предметни наставници од ООУ„Наум Наумовски-Борче“ | Хамери, хартија, прибор за цртање, нагледни средства, ИКТ | Учениците покажуваат интерес за запознавање со други култури и ги почитуваат различностите |
| Воочување заеднички културни вредности кај различни етникуми | Мојот мултикултурен град – читање и анализа на текст | декември | наставник по граѓанско образование | учебник ИКТ | Учениците ги знаат културните вредности кајразлични етникуми |
| Вклучување во реализација на ПМИОактивности на училишно ниво | Обука за меѓуетничка интеграција новоработени наставници и стручни соработници | јануари | тим за училишна интеграција | прирачници матерјално - технички средства; стручна поддршка http://mk.pmio.mk/gr adenje-na-kapaciteti-materijali/ | Наставници и стручни соработници обучени за успешно спроведување на планираните активности во рамките на ПМИО |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Поттикнување соработка и комуникација помеѓу ученици припадници на различни етнички заедници и развивање пријателски односи и врски | Заеднички наставни часови по ликовно и природни науки<br>Заедничка посета на „Ботаничка градина“ и „Планетариум“<br>Дом на култура | Ноември<br><br>Март<br><br>мај | Ученици и одделенски наставници од ООУ„Наум Наумовски-Борче“ и ООУ„25 Мај“ и ООУ„Дане Крапчев“ | превоз<br>фото апарат<br>билети<br>ликовен материјал<br>хартија<br>фломастери | Воспоставена комуникација и другарски однос помеѓу ученици припадници на различни етнички заедници |
| Спознавање на почитта и грижата за другите како модел на заедничка иднина | Одбележување на Меѓународниот ден на Ромите под мотото „Сите сме еднакви“ | април | Ученици, наставници, родители | ДВД<br>ЛЦД проектор | Ученици кои ги почитваатчовечките вредности безразлика на културна и верска припадност |
| Учениците учат за човековите права и правата на детето | Онлајн квиз на знаење во рамкитена проектот: „Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Општина Гази Баба“ | мај | тим за училишна интеграција, наставници, ученици | квиз-картички<br>интернет<br>нагледни средства<br>ИКТ | Ученици кои ги разбираат и почитуваат човековите и детските права и вредности.<br>Ученици со нулта толеранција кон секој вид на дискриминација |
| Планирање МИО активности на училишно ниво | Информативно консултативна средба со наставниците за планирање на МИО активности | јуни | Тим за училишна интеграција | прирачниц и веб-страна | Успешно спроведување на планираните активности во рамките на ПМИО |

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Во текот на учебната 2023/2024 година ќе се реализираат проекти во соработка со МОН и БРО, Erasmus и etwinning проекти, интерни проекти, проекти во соработка со НВО, со Здруженија на граѓани, со локална и деловна заедница. Истотака ќе продолжат да се применуваат добри практики од проекти што претходно биле реализирани. Во продолжение се набројани дел од проектите кои ќе се реализираат.

| Проекти што ќе се реализираат во училиштето<br>во учебната 2023-2024 годна | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред.бр** | **Име на проектот** | **Цели на проектот** | **Учесници во проектот** | **Временска рамка** | **Средства за реализација** |
| 1. | **Антикорупциска едукација на учениците** | Целите на програмата за антикорупциска едукација е учениците преку одредени активности да ја разберат корупцијата, да бидат оспособени да анализираат ситуации, личности и настани поврзани со корупцијата и да одолеваат на социјалниот притисок. | наставник по граѓанско образование/етика, предметни наставници Ученици | IX-V | училиште |
| 2. | **Отворен ден за граѓанско образование** | Проектот има за цел да се промовира ученичкото учество и ученичките иницијативи за позитивна промена на ниво на училиште и заедницата, за поттикнување и зајакнување на демократската клима во училиштето. | наставник по граѓанско образование, Ученици | IX-XII | БРО училиште |
| 3. | **Превенција од насилно однесување во училиштата** | Целта на оваа програма е учениците во воспитно-образовниот процес да се чуствуваат сигурни, еднакви и заштитени од сите форми на насилство. | Тим за заштита на учениците од насилство: Даниела Караташова- социолог, Валентина Јовановска-психолог, Калина Пуловска-педагог, Соња Златевска- | IX-I | училиште |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | предметен наставник и Оливера Филиповска- одделенски наставник. ученици | | |
| 4. | **Меѓуетничка интеграција на образованието Стратегија на општина Гази Баба** | учениците да се запознаат, дружат, забавуваат, бидат креативни, научат изрази на етничките заедници во нашата држава и преку заеднички активности ја афирмираат мултикултурата | тим: Ленче Славковска- библиотекар, Даниела Каратшова- социолог, Калина Пуловска – педагог, Снежана Боболеска- наставник по англиски јазик, Маја Станковска - наставник по информатика, Соња Николова- одделенски наставник, Виолета Силјановска- одделенски наставник | IX-I | поддржан од општина Гази Баба, МОН и БРО |
| 5. | **Интеграција на еколошка едукација во образовниот систем** | И зградба на еколошки вредности и навики кај децата, од најмала возраст, кои понатаму во процесот на доживотно учење би се продлабочиле. Формирањето индивидуи со изградени еколошки ставови и култура, води кон унапредување на животната средина преку нивните соодветни одлуки и постапки | Координатор: Билјана Велјаноска Еко одбор наставници, Технички персонал ученици | IX-VI | Училиште, Еколошки друштва Општина Гази Баба |
| 6. | **Проект: Заедничка грижа за правилно насочување на учениците** | Целта на овој проект е да се зајакне врската родител – ученик – наставник преку реализација на активности во кои ќе бидат вклучени учениците, родителите и наставниците со што ќе се зајакне воспитната компонента во процесот на основното образование. | Родители, наставници, стручни соработници, ученици | IX-VI | Училиште, |
| 7. | **Проект „Биди ИН, биди ИНклузивен,** | Целта на проектот е да се обезбеди целосна и рамноправна вклученост на децата со попреченост во | Валентина Јовановска – психолог наставници | IX-VI | Фондацијата за образовни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **биди ИНклудиран“** | редовните основни училишта и создавање инклузивна средина за предавање и учење во училиштето | ученици | | и културни иницијативи „Чекор по чекор“ училиште |
| 8. | **Проект: „Градиме Нови мостови“**<br><br>**МИО** | Целта на проектот е да се промовираат еднакви можности за сите ученици, воспоставување позитивна клима во училиштето и трансформација на училницата или училишниот простор во инклузивна и стимулативна средина за учење каде секое дете ќе се чувствува прифатено со посебен акцент за целосна меѓуетничка интеграција во наставата – заеднички наставни часови по ликовно образование како и вонннаставни активности | Даниела Караташова<br><br>Дијана Николовска<br><br>Никола Наневски<br><br>Даниела Кузманоска<br><br>Одделенски наставници<br><br>Ученици, родители | IX-V | ОБСЕ<br><br>ООУ„25 Мај“<br><br>ООУ„Дане Крапчев“ |
| 9. | **Erasmus+ и Etwinning проекти** | Erasmus и Etwinning проектите им овозможуваат на наставниците и учениците да соработуваат, комуницираат и развиваат проекти со училишта од цела Европа и преку заеднички активности да стекнуваат и споделуваат знаења, вештини, искуства и добри практики.<br>Училиштето е вклучено во Erasmus -KA220 проект: Learn Green Outdoor STEM кој започна минатата учебна година и ќе трае до март 2024 година и се реализира со 5 партнер организации од Македонија, Шпанија и Словенија. | Александра Војнеска Зикова-координатор на Erasmus KA220 проектот<br>Маја Станковска<br>Ученици<br>наставници | Цела учебна година | Училиште<br>Erasmus+ фонд |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Во текот на наставната година наставниците и учениците ќе реализираат Etwinning проекти. | | | |
| 10. | **Здрава храна** | Заеднички и индивидуални активности за конзумирање на здрава храна, едукација за нејзиното значење, изработка на рецепти за нејзина примена и промоција | Фросина Ристовска<br>Даниела Кузманоска<br>Марија Наневска<br>ученици | IX, X | Центар за јавно здравје<br>Општина Гази Баба<br>училиште |
| 11. | **Спортски проекти** | Спортските проекти овозможуваат преку заеднички и индивидуални да активности да водат грижа за здрав живот на секоја индивидуа. | Дејан Боневски<br>наставници<br>ученици | Цела учебна година | Национална та федерација Спорт за сите, Агенцијата за млади и спорт на Македонија и Факултетот за физичка култура спорт и здравје |
| 12 | **Инклузија на деца со посебни образовни потреби** | Подобрување на условите за пристап, учество и учење на еднаква основа за сите<br>Јакнеење на училишниот менаџмент и персонал за примена на концептите на инклузија, универзален дизајн на учење, за интеркултурно учење, детски права и еднаквост во процесите за градење на училишна клима<br>- Зајакнување на соработката на локално ниво со различни чинители во заедницата | Даниела Караташова<br>Соња Николова<br>Дијана Николовска<br>ученици, родители<br>инклузивни тимови | Цела учебна година | Детска фондација,, Песталоци”<br>Здружение за асистивна технологија,, Отворете ги прозорците”<br>МКФ |

# 15. Поддршка на учениците

## 15.1. Постигнување на учениците

Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците на крајот на секој класификационен период по паралелки, одделенија од различен пол, етничка припадност и според наставни предмети. Изготвува анализи и споредба на успехот и поведението на секој квартал, изработува полугодишен и годишен извештај споредбени резултати со претходните години. Се прави споредби на успехот, поведението и изостаноците, постигањата според полот на учениците, по предмети и одделенија, етничката припадност. Постигнувањата на учениците од минатата учебна година по наставни предмети средниот успех на училиштето изнесува 4,16. Наставниот кадар и стручните соработници во училиштето континуирано работат на имплементација на стандардите и критериумите за следење и оценување на постигањата на учениците.

**Преглед на постигнатиот успех во учебната 2022/23 година**

| **Наставни предмети Задолжителни предмети** | **4** | **5** | **4-5** | **6** | **7** | **8** | **9** | 6-9 | **4-9** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 4.13 | 3.82 | 3.95 | **3.68** | **3.79** | **3.69** | **3.74** | **3.73** | **3.81** |
| Математика | 4.04 | 3.77 | 3.89 | **4.54** | **3.67** | **3.64** | **3.77** | **3.90** | **3.90** |
| Англиски јазик | 4.04 | 3.82 | 3.92 | **3.62** | **3.70** | **3.67** | **3.94** | **3.73** | **3.79** |
| Француски јазик | | | | **4.04** | **4.16** | **4.00** | **4.09** | **4.08** | **4.08** |
| Ликовно образование | 4.70 | 4.64 | 4.66 | **4.28** | **4.27** | **3.85** | **3.96** | **4.12** | **4.31** |
| Мизичко оброзование | 4.57 | 4.52 | 4.54 | **4.52** | **4.43** | **4.18** | **4.15** | **4.34** | **4.41** |
| Природни науки | 4.04 | 3.77 | 3.89 | **4.10** | | | | **4.10** | **3.96** |
| Техничко образование | 4.54 | 4.56 | 4.55 | **4.70** | | | | **4.70** | **4.60** |
| Историја и Општество | 4.09 | 3.67 | 3.85 | | | | | | **3.85** |
| Информатика | | | | **3.70** | **3.46** | | | **3.57** | **3.57** |
| Географија | | | | **3.60** | **3.67** | **3.90** | **3.64** | **3.69** | **3.69** |
| Историја | | | | **3.94** | **3.79** | **3.95** | **3.96** | **3.90** | **3.90** |
| Етика | | | | | **4.11** | | | **4.11** | **4.11** |
| Граѓанско образование | | | | | | **4.08** | **3.87** | **3.97** | **3.97** |
| Биологија | | | | | **3.81** | **3.87** | **3.94** | **3.87** | **3.87** |
| Физика | | | | | | **4.18** | **4.21** | **4.20** | **4.20** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Хемија | | | | | | **3.72** | **3.91** | **3.83** | **3.83** |
| Иновации | | | | | | | **4.38** | **4.38** | **4.38** |
| Физичко образование | 4.83 | 4.90 | 4.87 | **4.86** | **4.68** | **4.56** | **4.55** | **4.67** | **4.74** |
| **Изборни предмети** | | | | | | | | | |
| Цртање, сликање, вајарство | 4.78 | | 4.78 | | | | | | **4.78** |
| Оригами | 4.78 | | 4.78 | | | | | | **4.78** |
| Театарски работилници | | 4.59 | 4.59 | | | | | | **4.59** |
| Разрешување конфликти | | 4.59 | 4.59 | | | | | | **4.59** |
| Класична култура во европската цивилизација | | | | **4.91** | | | | **4.91** | **4.91** |
| Запознавање со религии | | | | **3.83** | | | | **3.83** | **3.83** |
| Вештини на живеење | | | | | **4.75** | | | **4.75** | **4.75** |
| Нашата татковина | | | | | | **4.33** | | **4.33** | **4.33** |
| Проекти од муз.умет. | | | | | | | **4.43** | **4.43** | **4.43** |
| **Просек** | **4.41** | **4.24** | **4.32** | **4.16** | **4.02** | **3.97** | **4.02** | **4.04** | **4.16** |

За да ги подобри постигањата на учениците училиштето ќе превземе активности преку: ревидирање на планирањата на наставниците, примена на нови техники и форми, формативно оценување, подобрено сумативно оценување и примена на ИКТ во наставата, примена на расположиви средства и технички помагала, индивидуална работа, додатна и дополнителна настава, изготвување задачи по тежински нивоа, воннаставни активности, соработка со родителите и стручните соработници, примена на знаења од обуките за изработка на квалитетни годишни, тематски и дневни планирања во наставата.

Училиштето посветува особено внимание на промовирањата на постигнувањата на учениците, како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности. Преку веб страната на училиштето, Facebook-профилот на училиштето, како и преку соработка со медиумите, културни установи и институции, преку учество на литературни читања, ликовни изложби манифестации и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи итн. Училиштето не само што ги промовира личните постигања на учениците, туку и постигањата на училиштето. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво.

Во училиштето постои Правилник за пофалби и наградување ученици, согласно кој се наградуваат ученици кои постигнувале континуиран одличен успех во текот на основното образование и ученици кои постигнале или освоиле високи

рзултати на организирани натпревари на знаења или на натпревари од воннаставни активности и нивните наставници ментори кои придонеле за афирмација на училиштето се наградуваат со пофалници и дипломи, како и со скромни подароци. Училиштето на крајот на учебната година избира првенец на генерација од редот на учениците од деветто одделение.

### 15.2. Професионална ориентација на учениците

Секоја професија има свои барања и специфичности. Разновидноста на професиите соодветствува со различноста на психофизичките способности кај поединците. Најчесто во секојдневниот живот професијата се идентификува со работно место, но има и разлики. Работата е резултат на личната активност, ангажираност, а професијата е оспособеност на човекот да извршува некоја работа. Целиот процес на професионална ориентација има само советодавен карактер, а конечната одлука за тоа како и каде ученикот ќе го продолжи школувањето го донесуваат семејството и ученикот, иако се присутни определени исклучоци.

**Професионална ориентација** - Целта на професионалната ориентација е да им се помогне на учениците да се одлучат да го продолжат школувањето и да се насочат кон професиите кои најмногу би им одговарале на нивните психофизички способности и во која професија ќе имаат најмногу изгледи за добра прилагоденост.

Процесот на професионална ориентација е сложен процес и во себе ги содржи следниве фази:

- професионално информирање
- професионално советување
- евалуација-следење на оствареното советување

**Професионално информирање**-Целта на професионалното информирање е ученикот да се запознае со сите релевантни карактеристики и особености на професијата која би можел да ја избере.

**Професионално советување**-Професионалното советување е психотераписки процес со кој се дејствува врз формирањето на личноста на ученикот и се применува континуирано низ целото основно образование, со особено акцентирање во деветто одделение.

**Евалуација-следење** Третата фаза на професионалната ориентација се одвива во периодот кога учениците не се веќе во основното училиште туку во некои од средните училишта, каде што се продолжува со следење на учениците.

Тимот за професионална ориентација го сочинуваат Валентина Јовановска-психолог и одделенските раководители на IX одделенија Маја Станковска и Маја Давидовска-Бошевска.

**15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација**

Добросостојбата на учениците е една од највисоките цели во воспитно-образовната работа на нашето училиште. Учениците покрај тоа што се стекнуваат со знаења и вештини, исто така имаат потреба да се чуствуваат сигурни, заштитени и еднакви. За постигнување на овие цели во нашето училиште се спроведува превентивна програма за заштита од насилство, злоставување, негрижа и дискриминација на учениците.

Училиштето во текот на целата учебна година се грижи за општата добросотојба на учениците, за нивното емоционално, социјално, физичко и ментално здравје. Одделенските раководители/наставници кои се постојано во непосреден контакт и интеракција со учениците имаат најдобар увид за целокупното функционирање на учениците, ги препознаваат промените во однесувањето, промените во постигнувањето на училишни резултати итн.

Секоја промена кај учениците во било кој сегмент од училишното функционирање ни алармира дека се случуваат извесни промени кои треба да се проследат и истражат. Насилството, запоставеноста и злоупотребата на децата особено во најраните години, може да остави трајни последици врз развојот на нивното когнитивно функцирање. Ова може да резултира со тешкотии во учењето и ограничени социјални вештини, емоционално страдање. Исто така, овие деца имаат многу повеќе шанси да покажат ризично или деликвентно однесување, или да страдаат од депресија или анксиозност кога ќе бидат возрасни.

Сите облици на насилство, злоставување, злоупотреба или занемарување со кои се загрозува или нарушува физичкиот, психичкиот или интегритетот на детето претставуваат повреда на едно од основните човекови права, кое Конвенцијата за правата на детето го има подигнато на ниво на принцип односно начело, а тоа е правото на живот, опстанок и развој.

Училиштето – основното образование е клучна институција каде се следи растот и развојот на секој ученик.

Сите инволвирани субјекти во образовната институција се одговорни и треба да пријават до раководните органи на училиштето доколку се препознае или има сознание за дете-жртва на насилство.

Училиштето задолжително Случајот го проследува понатаму до надлежните институции МВР, Центар за социјална работа, МВР во соработка со Јавното обвинителство понатаму го процесираат случајот со цел спречување на понатамошна виктимизација.

Училиштето во целиот процес има за цел да обезбеди максимална поддршка во закрепнување и социјална реинтеграција, при што го поттикнува здравјето, самопочитувањето и достоинството на детето.

За таа цел училиштето има Програми за работа со деца од ранлива категорија, Програма за деца со анти/асоцијално однесување, Програма за борба против болести на зависност, Програма за поддршка на ученици со емоционални поттешкотии.

Во реализацијата на горенаведените програми активно учество ќе земат и родителите и професионалците од различни области  со цел препознавање и поддршка на учениците од различни вулнерабилни категории.

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Оценувањето на учениците претставува процес на собирање и интерпретирање информации за учењето и постигањата на учениците, коишто се користат за: информирање на учениците и нивните родители за напредокот во совладувањето на знаењата, способностите и ставовите; обезбедување поддршка на наставниците за да ја модификуваат својата настава; информирање на другите надлежни структури коишто донесуваат одлуки за образовната политика што се однесува на учениците. Оценувањето е составен дел на наставниот процес и истото треба да биде праведно, транспарентно, валидно и релијабилно.

Оценувањето на учениците е квантитативно (бројчано) и квалитативно (описно, во вид на микросумативни записи). Оценувањето се изведува континуирано во три периоди, и тоа:

-во првиот период, постигањата на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни оценки, на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со описни оценки;

-во вториот период, постигањата на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни и бројчани оценки, на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех;

-во третиот период, постигањата на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со бројчани оценки, на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

Наставниците изработуваат план за писменото оценување. Писменото оценување се одвива преку контролни работи, тестови на знаења, писмени работи, проектни активности, есеи. Усното оценување е секојдневно, при што се оценува квалитетот на знаењата на учениците. Секој наставник спроведува дијагностичко, формативно и сумативно оценување (макро и микро) при што се земаат предвид критериумите и стандардите за оценување дадени од БРО и МОН.

Наставниците го евидентираат напредокот на учениците во евидентни листи, исто така изработуваат и портфолио за секој ученик и користат чек листи во кои се евидентира знаењето на учениците за секоја наставна единица. Сумативната оценка, наставниците ја заведуваат во електронскиот дневник, кварталните извештаи за родителите (евидентен лист) и свидетелствата.

Учениците за својот напредок постојано добиваат усни и писмени повратни информации. На родителите им се даваат реални информации за напредокот на учениците преку индивидуални средби и заеднички родителски средби.

Начинот на оценување на учениците со попреченост го пропишува министерот, на предлог на Бирото:

-во првиот период, постигнувањата на ученикот кој следи настава според ИОП се оценуваат описно;

-во вториот и третиот период, постигнувањата на ученикот кои следат настава според ИОП може да се оценува описно и бројчано.

Општиот успех на учениците се утврдува врз основа на годишните оценки од сите предмети според наставниот план на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправните испити.

Учениците од прво заклучно со петто одделение, по правило, не може да го повторува одделението.

Ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има негативна оценка до два предмета се упатува на поправен испит и во јуни се организира дополнителна настава по наставните предмети по кои ученикот има негативни оценки. Доколку ученикот по одржаната дополнителна настава не ги постигне критериумите за позитивна оценка, се упатува на поправен испит. Поправните испити ученикот ги полага во јуни и/или август. Ученикот кој нема да го положи поправниот испит по еден или по два предмета се задржува во истото одделение. Ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има повеќе од две негативни оценки се задржува во истото одделение.

Ученикот кој не можел да биде оценет поради отсуство од најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети, има право да полага одделенски испит по предметите по кои не е оценет, за што одлучува наставничкиот совет на училиштето.

Ученик кој има одличен општ успех и посебно се истакнува со способност, знаење и работни навики може побрзо да напредува по предлог на одделенскиот наставник/раководител, за што одлука донесува наставничкиот совет. Ова право ученикот може да го користи најмногу два пати во текот на основното образование. Училиштето има обврска за ученикот кој побрзо напредува да организира менторска и консултативна помош од наставниците по соодветните предмети.

**16.2. Тим за следење, анализа и поддршка**

- Директор
- Стручни соработници (педагог, социолог, психолог и дефектолог)

- Предметни наставници (Соња Златевска и Билјана Дрвошанова)
- Одделенски наставници (Соња Николова и Снежана Величковска)

Тимот ќе работи според програма која содржи активности насочени кон следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценување како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. Притоа е изготвен план за поддршка на наставници со слаби резултати од работењето како и за наставниците - иноватори и креатори на развојот на квалитетно оценување.

Воспоставена е **процедура за поплаки и жалби** по добиени оценки која ја спроведува тим составен од стручната служба, одделенски и предметни наставници:

- ученикот или родителот, односно старателот, доколку не е задоволен од годишна оценка има право, во рок од три работни дена од денот на соопштувањето на успехот, да поднесе писмен приговор до наставничкиот совет на училиштето, кој треба да биде образложен;
- наставничкиот совет по приговорот решава наредниот ден;
- на наставничкиот совет наставникот го презентира сопственото оценување односно ја образложува оценката со соодветни аргументи;
- наставничкиот совет може приговорот да го уважи, да го одбие или да организира повторна проверка на знаењата на ученикот;
- за одлуката на наставничкиот совет по разгледаниот приговор училиштето доставува писмена повратна информација до родителите и ученикот;
- за повторна проверка на знаењето директорот, најдоцна во рок од пет работни дена формира комисија за повторна проверка на знаењето која е составена од претседател и два члена испитувачи;
- претседателот на комисијата е одделенскиот раководител на паралелката во која ученикот учи, а за членови-испитувачи се именуваат наставници по предметот по кој се врши проверувањето на знаењето од редот на наставниците од училиштето или од друго основно училиште и оценката на комисијата е конечна;
- претседател и член-испитувач на комисијата не може да биде наставникот кој ја утврдил оценката.

За согледување на состојбата со оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибирааат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи. Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и пол за последователни 3 години.

Училиштето како институција дава поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во оценувањето на постигањата на учениците преку работата на стручните активи и разговор со стручните соработници. Тимот за следење, анализа и поддршка на вреднувањето во училиштето планира и спроведува активности за продолжување и јакнење на соработката меѓу наставниците при подготовка на инструменти за оценување, како и реализација на оценувањето. Размената на искуствата и сознанијата од процесот на вреднување се врши и преку планирање и реализација на отворени часови, стручни активи, работилници, разговори и дискусии.

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Стручните посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар во училиштето ќе се организираат и реализираат согласно планот за посети на директорот и стручните соработници.

Стручните посети ќе бидат во насока на подршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно- образовната работа со цел подобрување на поучувањето а со тоа и учењето на учениците, односно подобрување на постигањата на учениците.

Во делот на стручни посети за вреднување на работата на воспитно образовниот кадар во училиштето, директорот и стручните соработници ќе ја следат реализацијата на задолжителната настава, изборна настава, додатна и дополнителна настава и воннаставните активности.

Истотака ќе се прави увид во планирањата (годишни, тематски и дневни) на наставата, водење на педагошка документација и работата на стручните активи.

За таа цел директорот и стручните соработници имаат изготвено инструменти за следење на наставен час, дополнителна и додатна настава и формулар за следење на воннаставни активности во кои ќе се евидентира и бележи следената активност.

Следењето ќе се планира и реализира во текот на целата учебна година, на неделно, месечно или два пати во текот на едно полугодие во зависност од карактерот на активноста која што се планира да се следи.

## 16.4. Самоевалуација на училиштето

Целта на самоевалвацијата којашто се спроведува на ниво на училиште и во која учествуваат сите релевантни субјекти, е да се воспостави систем за перманентно следење и оценување, со што ќе се подобри квалитетот во наставата и во работата на училиштето во целина. На крајот на наставната 2021/22 година е спроведена самоевалуација за работата и постигањата на училиштето за периодот од 2020-2022 година. Формирана е училишна комисија за самоевалуација која ја сочинуваат Валентина Јовановска-психолог, Марија Депиновска-одделенски наставник, Маја Станковска-предметен

наставник, Виолета Силјановска -одделенски наставник и Сања Петровска-родител. Во второто полугодие ќе се прави самоевалуација за работата на училиштето за периодот од 2022-2024 година.

Самоевалуацијата се одвива според следните програмски подрачја од воспитно-образовниот процес:

- Наставни планови и програми
- Постигнувања на учениците
- Учење и настава
- Поддршка на учениците
- Училишна клима
- Ресурси
- Управување, раководење и креирање политика

За секое програмско подрачје е формиран тим кој за своето подрачје ги одредува критериумите за успех и методите, техниките и инструментите за евалвација. Се собира и истражува соодветна документација и се прави анализа на истата. Врз основа на добиените резултати од анализата се изготвува извештај т.е се детектираат добрите страни и слабостите и се одредуваат идните приоритети за подобрување. Откако ќе се изработи самоевалуацијата следува информирање на сите субјекти за резултатите и продолжува процесот на усвојување на самоевалуацијата од Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор. Добиените резултати и сознанија од процесот на самоевалвација како и развојниот план се појдовна точка при изработката на годишната програма за работа на училиштето. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб страната на училиштето и е доставен до надлежните институции ( секторот за образование на општина Гази Баба и Државен просветен инспекторат).

## 17. Безбедност во училиштето

Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес во училиштето треба да се чувствуваат безбедно и сигурно за да можат успешно да ја извршуваат својата работа и да учествуваат во воспитно-образовниот процес.
За таа цел училиштето има:

- организирано физичко и патролно обезбедување,
- дежурни наставници и технички персонал,
- видео надзор во училиштето и училишниот двор,
- противпожарни апарати и план за евакуација
- прибор за прва помош и обучени лица за пружање на прва помош,
- осигурување на учениците и вработените,
- соработка со институции (МВР, здравствени установи, центар за социјална работа, противпожарна служба, црвен

крст и други),
- донесено планови за заштита и спасување од природни катастрофи и незгоди кој содржи превентивни активности и мерки, оперативни активности и мерки и отстранување на последиците од незгоди.
- Протокол за безбедност во училиштето

Училиштето активно работи на едукација за почитување на безбедносни мерки (како на пример вежби за евакуација, употреба на противпожарен апарат, обука за прва помош, знаци за тревожење, правила и постапки за засолнување при земјотрес, пожар, поплава и слично) и развива стратегии за превенција, односно идентификување и справување со можните новонастанати безбедносни грижи во училиштето како што се меѓуетнички судири, пишување на графити на училишни ѕидови, дрога, застрашување, уништување на училишниот ентериер и друго.

## 18. Грижа за здравјето

Здравјето е сложен механизам или одраз на севкупните процеси кои го одбележуваат нашиот живот и случувања кои на нас оставаат трага. Затоа здравственото образование на децата е приоритет не само заради самото здравје, туку и од гледна точка на самиот образовен систем за да можат децата да учат треба да се здрави. Тргнувајќи од оваа констатација, хигиената, грижата, заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците е обврска на сите во училиштето, во непосредна соработка со родителите, здравствената служба, и пошироката заедница. Децата од училишна возраст се посебна популациона група која се карактеризира со интензивни физички, психолошки и социјални промени, што ги прави исклучително ранливи на неповолните ризик фактори од околината. Промените во правец на стекнување поголема независност придружена со склоноста кон експериментирање со нови животни стилови и активности, креираат нови здравствени ризици поврзани во прв ред со однесувањето. Поради тоа, раната детекција на здравствените како и на психосоцијалните, развојните и бихевиоралните ризици треба да претставува приоритет во грижата за здравјето на училишните деца. Најчестите причини за морбидитет и лошата здравствена состојба кај оваа возрасна група се намерните и ненамерните повреди, последиците од ризичното однесување, пореметувања на менталното здравје (депресија, анорексија, булимија, дијабетес, хипертензија), недоволна физичка активност и неправилна исхрана.

Во училиштата се врши промоција на здравствено-воспитни содржини за здравјето на учениците, со цел да се оспособат за да можат да ја зголемат контролата над своето здравје во смисла на негово чување и унапредување, а не само за спречување на настанување на болест. Училиштето и оваа учебна година ќе води посебна грижа за здравјето на учениците.

Содржините ќе се реализираат низ редовната настава, одделенскиот час, слободните активности и други вонаставни активности. Училиштето ќе води грижа за обезбедување на сигурна и стимулативна средина за учениците.

Исто така, заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците ќе се реализира и со редовни лекарски прегледи и по потреба ќе се преземаат и други мерки. Програмираните содржини ќе ги реализираат: наставниците, педагогот, дефектологот, лекари, нутриционисти, психологот и други здравствени работници и лица.

### 18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето се одржува редовно и континуирано со чистење и дезинфицирање на сите простории во училиштето како и на целокупниот инвентар и наставни нагледни средства, при тоа се користат еколошки средства за чистење и дезинфекција. За одржување хигиената во училиштето се грижи техничкиот пресонал, наставниот кадар и учениците.

Училиштето преку редовни училишни еко акции, предавања, работилници и слично ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената, акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирани акции за пластични шишиња, електронски отпад (батерии). Дератизација, дезинсекција и дезинфекција се врши еднаш во годината од надлежни институции како и секојдневно дезинфицирање на просториите во училиштето при редовното чистење. Редовно се менуваат филтрите за здрава и чиста вода за пиење.

### 18.2. Систематски прегледи

Училиштето соработува со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, посебно во вршењето на лекарски прегледи на децата кои се запишуваат во прво одделение, спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи и вакцинации согласно закон. Училиштето задолжително го информира родителот односно старателот на ученикот за спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи и вакцинациите. Програмата на училиштето за грижа на здравјето на учениците опфаќа реализација на програма за вакцинација на учениците, систематски прегледи, стоматолошки прегледи на забите, предавања, работилници за унапредување на здравјето, грижа за личната хигиена и хигиената на училиштето. Оваа програма за грижа за здравјето на учениците ја реализираат сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба, ученици, родители, Поликлиника Ченто - оддел за училишна возраст, Заводот за здравствена заштита и пошироката заедница. За девојчињата од VI одделение се одржува предавање на тема „Едукативна програма за промените во пубертетот кај девојчињата“. Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците. Училиштето се грижи за сексуалното и репродуктивното здравје на учениците преку обезбедување информации базирани на научни сознанија, човекови права, родова еднаквост и промовирање на почитување на различностите.

### 18.3. Вакцинирање

Едукација за важноста на навремената и целосна вакцинација според насоките од Министерството за здравство и вакцинирањето на учениците се спроведува во Медицинскиот центар н. Ченто, а не во училиштето поради несакани ефекти. Според календарот за имунизација и вакцинација опфатени се: ревакцинации за MRP во I одделение, DT и Polio во II одделение, Tetanus и Poliomielitis во IX одделение, вакцинирање HPV за девојчиња VII одделение. Одговорни лица од училиштето се директорот и одделенските наставници/раководители.

### 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Модулот „Здрава исхрана- здраво живеење“ во кој учениците ќе учат за правилна исхрана, лична хигиена, телесни активности и ментално здравје ќе биде застапен од почетокот на нивното школување и понатаму. Со содржините кои се дел од овој модул на учениците ќе им се укаже за важноста на здравата исхрана и стекнување на позитивни навики за лична хигиена. Свесни дека зголемувањето на прекумерната телесна маса и дебелина е евидентно кај младите во нашата земја и во светот. Храбро е да се делува превентивно преку сите нивоа на воспитување и едукација на деца и млади. Светската здравствена организација (СЗО) потсетува дека здравјето е повеќе од физичко здравје, како и ментална и социјална димензија што е невозможно да се одделат. При обезбедување на заштита на менталното здравје, важно е да им се помогне на учениците да ја препознаат вредноста на своите чувства и мислења и само на тој начин можат да го почувствуваат чувството за сопствено нешто. Резултатот од спроведувањето на здравствената едукација за промовирање на менталното здравје вклучува иницијативи и развој на животни вештини од комуникација до донесување одлуки и превенција.

Училиштето во текот на цела учебна година континуирано реализира едукативни предавања за здрава храна како преку редовните наставни содржини така и преку соработка со стручни лица, доктори, нутриционисти од таа област во вид на предавања, трибини и работилници. Училиштето секоја година во рамките на Програмата „Еко-училиште“ реализира активности од кампањата „Здрава храна“. Учество земаат учениците, родителите, наставниците со изработка на штанд на здрава храна во училишниот хол или училишната спортска сала. Кампањата има за цел едукација на учениците за здравата исхрана, подигање на свеста, подигање на училишниот активизам, промоција и вклучување на родителите и локалната заедница.

# 19. Училишна клима

## 19.1. Дисциплина

Целокупниот колектив води грижа за  дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето.

Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен  преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно.

Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците за прва и втора смена во ходниците, училниците, санитарни јазли и други простории како и училишниот двор. При тоа се води секојдневна евиденција за тековните случувања.

Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници**.**

На почетокот на учебната 2023/24 година одделенските раководители ги запознаавaат учениците со правилата на однесување  и кога мора  целосно да се почитуваат сите важечки протоколи и  мерки. Дисциплината во училиштето ќе се одржува со активно учество на сите субјекти, со доследно спроведување на Кодексот на однесување на ученици, наставници, родители и другите вработени. Во училишните ходници и во училишниот двор за време на целиот наставен ден ќе биде организирано дежурство од наставници и ученици. Дежурството на наставниците е изработен според распоредот на часови.

**<u>Акционен план за подобрување на училишната дисциплина</u>**

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување  на протоколи за однесување на ученици и вработени училиштето според насоки дадени од МОН | Контрола на движењето и и почитување на правилата според донесените протоколи за безбедна и здрава средина | Директор<br>Одговорен наставник за распоред на часови,<br>наставници | пред почетокот на учебната година | Безбедно одвивање на наставниот процес |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување распоред за дежурство на наставниците во училиштето во двете смени | Контрола на однесувањето на учениците за време на одморите во училиштето и училишниот двор | Директор Одговорен наставник за распоред на часови | пред почетокот на учебната година | Безбеден престој на учениците во училиштето и училишниот двор |
| Дискусија за однесувањето и дисциплината на учениците на состаноците на Ученичкиот парламент | Развивање свест кај учениците за важноста на соодветното однесување во училиштето | Одговорните наставници на Ученичкиот параламент и учениците , членови на истиот | Во текот на учебната година | Соодветно однесување од страна на учениците |
| Избор на содржини и активности за часовите на одделенската заедница поврзани со дисциплината на учениците | Развивање самокритичност и одговорност кај учениците за сопственото и однесувањето на соучениците | Одделенските раководители и учениците | Во текот на учебната година | Развиена свест и одговорност за сопственото однесување кај учениците и вработените |

***Критериуми за успех*** – намален број евидентирани случаи на несоодветно однесување на учениците од страна на дежурните наставници, намален број изречени педагошки мерки за учениците.
***Инструменти*** – писмена евиденција од дежурства на наставниците, евидентни листи на одделенските раководители за однесување на учениците, протокол за упатување ученик на разговор кај стручните соработници.
***Индикатор за успешност*** – намален број советувања на ученици и родители
***Одговорен за следење*** – директор, одделенски раководители, стручни соработници
***Повратна информација*** -подобрување на дисциплината, а со тоа и на ефикасноста на наставата, почитување на правилата на однесување во училиштето, намален број на изречени педагошки мерки за учениците, намален број на повикани родители на советување, одговорност за сопственото однесување од страна на сите субјекти во училиштето.

**19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето**

Училиштето формира тим за естетско уредување во училиштето. Во уредување и одржување на просторот во училиштето и дворот ќе учествуваат сите субјекти. Секој наставник во својот кабинет или училница ќе го уредува просторот според потребите и наставните содржини. Училишните ходници и главниот хол ќе го одржуваат членовите на ликовната,

литературната секција и другите секции заедно со предметните наставници по ликовно образование, македонски јазик и другите предметни и одделенски наставници при што ќе се изложуваат изработки на учениците на различни теми.
При организирање на одредени активности во училиштето уредувањето на просторот ќе биде одговорност на наставниците кои ги организираат истите, како на пример при одбележување на значајни еколошки датуми, активности од меѓуетничка интеграција, антикорупциска едикација и други проекти.
Учениците треба да имаат максимално одговорен однос кон условите во кои работи училиштето, кон инвентарот, средствата и наставните материјали. Вработените и учениците имаат развиено одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето, заеднички се грижат за одржување на катчињата со ученички изработки во училишниот ходник, тековно одржување на хигиената во училишниот двор и чување на училишниот инвентар.

### 19.3. Етички кодекси

Етички кодекси за учениците, наставниците, другите вработени и родителите ќе бидат иновирани на почетокот на учебната 2023/24 година со активно учество на сите субјекти во училиштето при што во предвид ќе се земат актуелните состојби и препораките од Министерството за образование. Изложените вредности и норми на Етичкиот кодекс се задолжителни за сите вработени, ученици и родители во ООУ„Наум Наумовски Борче" . Со овој кодекс сите се обврзуваат, со својата чест, дека ќе се придржуваат кон овие определби и норми како составен дел од својата професионална работа. Односите во училиштето се градат врз основа на достоинството и самодостоинството. Сите меѓусебно се почитуваат. Никој не навредува и не повредува друг.

Во училиштето нема место за насилство, притисок и поткуп. Не е дозволена корупција, морално и сексуално злоставување. Непознати ни се невоспитаноста, непристојноста и секој вид неморално и нечесно однесување - воопшто однесување кое е спротивно на граѓанските и етички и морални вредности.

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето во континуитет ги следи и ќе подолжи да ги следи односите меѓу сите структури во училиштето. За таа цел се формира тим составен од членови од сите структури во училиштето во кој ке членуваат:

- Еден претставник од технички персонал- Сузана Ристовска
- Еден претставник од администрација- Љубе Настески
- Еден претставник /наставник од одделенска настава- Соња Николова
- Еден претставник/ наставник од предметна настава-Соња Ајдаревиќ и

- Еден претставник од стручните соработници- Валентина Јовановска

Тимот ќе ја следи и анализира состојбата на меѓусебните односи и комуникација помеѓу одредени структури во училиштето. Во случај на појава на влошување на училишната клима и меѓусебните односи помеѓу вработените, училишниот тим ќе предложи соодветни мерки за надминување на состојбата. Мерките кои ќе се преземат би биле од типот на работилници, дебати, разговори , заеднички излети и екскурзии и слични мерки.

Училишната клима на последниот увид на тимот за Интегрална евалуација од страна на ДПИ е оценета со висока оценка. Се надеваме дека и понатаму ќе развиваме и градиме состојба на меѓусебно почитување и успешна комуникација помеѓу сите структури во училиштето.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Потребата за контиунирано едуцирање на наставниците и стручните соработници произлегува од приоритетите на нашето училиште за примена на техники, форми и методи за изведба на креативна и квалитетна настава и изработка на современи наставни програми кои се основа за создавање на трајни знаења кај ученикот.

Потребите на наставниците за професионален развој се утврдуваат на состаноци на стручните активи.

Во текот на учебната година понудените обуки ќе бидат доставени до наставниците и стручните соработници и истите ќе бидат разгледани и посетени. По обуките учесниците ќе одржат десиминација во училиштето по претходно изготвена програма и акционен план, а за истата активност ќе бидат изготвени и извештаи.

### 20.2. Активности за професионален развој

Активностите за професионален развој во училиштето ќе овозможуваат континуирано стекнување, проширување и продлабочување на знаењата, развивање на вештини и способности кои се значајни во наставните и воннаставните делувања на наставниците. Со учество во разни активности за професионален развој наставниците и стручните соработници ќе обезбедуваат докази за професионалното досие и педагошкиот картон.

Наставниците и стручните соработници ќе имаат различни можности за професионален развој и тоа:

- надворешни – семинари, обуки, конференции, вебинари, трибини, курсеви;
- внатрешни – стручни активи, работилници, отворени часови, дисеминации, прирачници, стручна литература.

### 20.3. Личен професионален развој

Личниот професионален развој на наставниците и стручните соработници во нашето училиште произлегува од концепцијата за доживотно учење и надградување на наставникот и стручниот соработник како поединец. За оваа цел наставниците и стручните соработници ќе изработат личен план за професионален развој кој ќе им овозможи на систематски начин да го унапредуваат воспитно-образовниот процес.

Личниот план за професионален развој наставниците и стручните соработници ќе го изработат пред почетокот на учебната година и тој ќе биде изработен врз основа на анализата на сопствените професионални потреби и потребите на училиштето. Сите наставници и стручни соработници согласно своите потреби избраа две обуки од каталогот за акредитирани обуки кои ќе ги посетуваат во учебната 2023/24 година.

### 20.4. Хоризонтално учење

Професионалниот развој во нашето училиште ќе се одвива низ хоризонтално учење, односно наставниците ќе учат едни од други. Хоризонталното учење ќе опфаќа различни видови на организирано и планирано пренесување на знаењата како што се десиминации во рамките на стручните активи, размена на професионалните искуства во училиштето и меѓу училишта.

### 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Целта на училиштето е да има мотивирани наставници и стручни соработници кои покажуваат висока професионалност и посветеност на својата работа и ги поддржува да напредуваат во својот професионален и кариерен развој. Наставниците можат да напредуваат во звање ментор или советник при што треба да ги исполнуваат професионалните компетенции за ментор или советник кои ги опфаќаат следните подрачја: знаења за наставниот предмет и знаења за воспитно-образовниот систем; поучување и учење; создавање на стимулативна средина за учење; социјална и образовна инклузија; комуникација и соработка со семејството и заедницата и професионален развој и професионална соработка. Стручните соработници можат да напредуваат во звање ментор или советник при што треба да ги исполнуваат професионалните компетенции за ментор или советник кои ги опфаќаат следните подрачја: работа со ученици; работа со наставници; работа со родители; соработка со заедницата; професионален развој и професионална соработка; аналитичко-истражувачка работа и училишна структура, организација и клима.

За наставниците и стручните соработници кои ќе се пријават за напредување во звање училиштето ќе прави проценка при што ќе ги вклучи сите чинители во воспитно-образовниот процес. Проценката за исполнување на професионалните стандарди за звање ментор или советник училиштето ќе ја базира врз информации добиени од родители, ученици, наставници и училишната документација според начинот за забележување и доставување на проценка од училиштето пропишано од надлежните институции. По првиот повик од МОН за напредување во звање наставник-ментор од ООУ„Наум Наумовски Борче“ е избрана Маја Станковска-наставник по информатика.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Во училиштето функционира Совет на родители кој е составен од еден член (родител) од секоја паралелка, по еден наставник од актив и стручната служба. Претседателот на Советот на родители изработува програма за работа. Програмата е предвидена со цел родителите организирано да делуваат во доменот на потребите на училиштето, подобрување на условите за работа, донесување на одлуки и решенија во интерес на подобрување на наставата во училиштето, организирање и усвојување на распоред за средби со родители, организирање на екскурзии, давање на иницијатици и др. Совет на родители ќе заседава најмалку два пати во едно полугодие со претходно изготвен дневен ред. На огласната табла и на веб страницата ќе биде истакнат распоред за прием на родителите кај секој наставник за подобра соработка и отворен ден за родители

Училиштето редовно ги информира семејствата на учениците за работата на училиштето и успехот на учениците. Преку индивидуалните и групни родителски средби, седниците на Совет на родители, информативнитеспсанија (брошури), родителите редовно се информираа за работењето на училиштето. Активно се вклучуваа во организација на спортски манифестации и ликовни изложби, организација и реализација на приредби, излети и научни посети, поставување на декор, украсување на училиштето, реализација на предавања за унапредување на здравјето и реализација на наставата.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вonнаставните активности

Родителите постојано ќе бидат вклучени во процесот на учење со тоа што ќе бидат информирани за наставниот план и програми, како и самиот наставен процес на различни начини: Советот на родители, групни и индивидуални средби со наставници, стручната служба на училиштето, родителски средби, Е-дневникот, веб-страната на училиштето како и преку вклучување во вонаставните активности или во улога на родител предавач.

Низ овие форми на родителите ќе им се даде можност да бидат информирани и навреме да делуваат по прашањето на успехот и поведението на своите деца. Исто така учеството на родителите во процесот на учење ќе биде насочено и кон давање помош при изработка на нагледни средства и дидактички материјали за креативно изведување на наставата.
Ќе бидат земени во предвид дадените предлози од страна на родителите, во однос на учество на разни манифестации (продажни, изложбени и собирни акции) како помош во изработка на производи зависно од темата, промоции, учество во проекти, како и посета на одредени институции и објекти кои се тесно поврзани со наставниот план и програми.
Како членови на органите на училиштето активно ќе учествуваат во давање предлози за донесувањето одлуки во врска со изведување екскурзии, топол оброк и ужинка за учениците, опременост на училиштето, организирање презентации, трибини на теми интересни за учениците и родителите, уредување на училишниот простор и сл.
Соработката со семејствата на учениците е од особена важност за подобрување на успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на ученикот. Соработката со одделенскиот раководител, наставниците, психологот, со цел континуирано и редовно информирање на родителот на ученикот, придонесува за надминување на појавените проблеми. Преку соработката на одделенскиот раководител со стручната служба, родителите навремено се информирани за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектирани проблеми кај ученикот. Родителите и семејството имаат увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Ќе бидат организирани едукативни работилници за родители во склоп на работата на Советот на родители, родителски средби и други форми на работа со родителите, средби со стручната служба во функција на советување на родителите, како и индивидуални средби и средби во мали групи од едукативен карактер.
Родителите и семејството имаат увид во начинот и условите заработа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето. Соработката со родителите се остварува преку: општи родителски средби, индивидуални средби со родителите, телефонски и писмени контакти, посета на семејството на ученикот (класен раководител, психолог, педагог и директор), состаноци на Советот на родители, семејно советување, работилници со родители на критични групи ученици, информирање, вклучување во проекти и работилници кои се реализираат во училиштето, типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакети, брошури и слично.

**Изработка на брошура за родители**

Со формирање на тим од родители, наставници и стручната служба ќе се изработи брошура за родители со која ќе се промовира воспитно-образовната дејност на училиштето како и сите потребни информации.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

**Локална заедница**

Училиштето ќе биде отворено за соработката со локалната заедница која ќе се остварува електронски, писмено и усно и ќе се реализираат активности кои ќе бидат во интерес на училиштето и пошироката средина. Училиштето во учебната 2023/2024 година ќе продолжи соработка со општината со цел збогатување на воспитно-образовната работа. Исто така ќе продолжи соработката со месното население и бизнис заедницата која може да помогне во материјалното унапредување на дејноста на училиштето. Ќе продолжи организирањето на заеднички културно-уметнички, образовни, спортски и други манифестации со општината и другите училишта.

**Институции од областа на културата**

Ликовни и литературни изложби, културни и историски споменици, саеми, библиотеки, музеите и други установи ќе бидат посетени според потребите на наставата и по избор на предметниот или одделенскиот наставник. Кино и театарските претстави ќе ги организираме според потребите на наставата со избор на кино или театарска претстава од страна на одговорните наставници и соодветно на возраста на учениците. Исто така училиштето ќе учествува на сите организирани конкурси и покани за натпревари преку кои ќе се афирмираат постигањата на учениците.

**Институции од областа на образованието**

Континуирано во текот на целата учебна година ќе се одвива соработка со: БРО, МОН, Секторот за основно образование како дел на општината за непречено одвивање на образовниот процес, размена на информации, доставување на разни извештаи, помош во работењето и сл., Ресурсен Центар ,,Иднина” , Социјална служба, МВР, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност-Еразмус +, детските градинки во кругот на нашата населба- за запишување на ученици за прво одделение, основните училишта од општината и пошироко- за размена на информации и искуства и взаемна помош во работата, средните училишта-за следење на учениците кои учеле во нашето училиште, потврда за упис, професионална ориентација и сл., Факултети- за стручно усовршување, организирање натпревари, семинари, советувања, ДПИ за утврдување на законитоста во работењето

**Невладини организации -**Училиштето ќе продолжи да соработува со невладини организации како што се :
СОС-Детско село, Пакомак, Црвениот Крст, Македокс, Бритиш Кансел и други невладини организации кои ќе пружаат помош и поддршка во воспитно-образовниот процес.

**Спортски друштва -**Училиштето ќе продолжи да соработува со КК „Феникс“,ТК„Тигри - Скопје“и други спортски клубови во кои членуваат наши ученици и кои ќе пројават интерес за соработка со нашето училиште.

**Здравствени организации**

Училиштето ќе продолжи да соработува со институциите кои се директно поврзани со грижата за здравјето на учениците, а тоа се: Здравствен дом „Ченто“,МКФ, Меѓуопштинскиот центар за социјални работи, Заводот за ментално здравје,

Осигурителна компанија и други. Соработка со Здружение совет за грижи и воспитување на децата на град Скопје Во текот на годината ќе се организираат предавања и работилници на различни теми од областа на здравствената заштита на учениците, спроведени од стручни лица, надворешни соработници или од Црвениот Крст. Одговорни лица ќе бидат стручните соработници, одговорните на Црвениот Крст и еден предметен наставник. Целта на овој вид на едукација е да се прошират знаењата на учениците и да се развива свеста за значењето на здравјето.

**Медиуми**

Училиштето ќе печати флаери и брошури, а преку училишната веб-страна ќе се промовираат сите активности во училиштето. Ќе продолжи промовирањето на училишните активности и постигнувањата на учениците преку електронските и печатени медиуми.

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Содржини на објавување | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Објавување на материјал (текст и слики) во детски списанија( Наш свет, Другарче, Развигор) и весникот на општина Гази Баба | Во текот на годината | Одговорни наставници и ученици | Ликовни галерии, хепенинзи, патронен празник, саем на книгата, значајни манифестации и постигања на учениците | Афирмирање на училиштето<br><br>транспарентно информирање за работата на училиштето |
| Македонска телевизија во емисијата „Ѕвон" и утрински програми | Во времето на денот на училиштето | Одговорни наставници и ученици | Забавни содржини посветени на патрониот празник | |
| Промовирање на постигањата на веб страна и facebook страницата на училиштето | Во текот на годината | Одговорни наставници и ученици | Брошура - билтен Годишна програма, Годишен и полугодишен извештај и др. | |

Медиумските активности за афирмација на работата на училиштето ќе се реализираат во соработка со наставниците, директорот и Советот на родители. Во училишниот хол ќе се постави еко пано преку кое ке се информираат учениците, наставниците, останатите вработени, родителите и сите оние кои го посетуваат училиштето за сите активности кои се реализираат во нашето училиште. На веб страната од училиштето ќе се објавуваат информации за сите активности.

| Р.Б. | АКТИВНОСТИ | НОСИТЕЛИ | ЦЕЛ НА АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Презентација на Предлог Годишна програма за работа на училиштето | Директор на училиштето | Запознавање на Советот на општина Гази Баба и Градоначалникот со програмата за работа на училиштето и предвидените активности во текот на учебната година | Август |
| 2. | Учество на литературни и ликовни конкурси | Ученици од I –IX одд | Проширување на знаењата,развој на натпреварувачки дух | Октомври/ ноември год. |
| 3. | Систематски лекарски прегледи | -Вработени во училиштето -ученици од I ,III, V, VII и IX одд<br>-ЈЗО-Здравствен дом„Ченто“ | Развој на здравствена култура и превенција од болести | Во текот на учебната година. |
| 4. | Вакцинација | Ученици од I до V одд. | Имплементација на календарот за имунизација, заштита од заразни заболувања | Во текот на учебната година |
| 5. | Воннаставни активности | -Наставници од одделенска и предметна настава,<br>-ученици од I до IX одделение<br>-Спортски клубови<br>-креативни центри<br>-невладини организации | Запознавање со различни можности за користење на слободното време | Октомври |
| 6. | Систематски стоматолошки прегледи | -Ученици од I ,III,V,VII и IX одд<br>-Детски диспанзер за заштита на оралното здравје-поликлиника,,Ченто“ | Развој на здравствена култура и превенција од болести | октомври/ ноември |
| 7. | Посета на музеи и културни историски споменици | Наставници од одделенска и предметна настава,ученици од I-IX одд. | Развој на културните вредности кај учениците | Во текот на учебната година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | (Археолошкиот музеј,музеј на ВМРО,споменици во градот Скопје) | | |
| 8. | Посета на кино,театарски претстави, библиотека | Ученици од I-V одд. Наставници од одд.настава | Развој на културните вредности кај учениците | Во текот на учебната година |
| 9. | Посета и организација на семинари, работилници, обуки | Директор ,Педагог, Психолог Наставници, МОН, БРО, ДПИ | Подобрување на квалитетот на работата и воспитно -образовниот процес во училиштето,Размена на искуства | Во текот на учебната година |
| 10. | Посета на државни институции и приватни стопански субјекти од локалната средина | Наставници од одделенска и предметна настава, ученици од I до IX одделение, јавни институции и приватни фирми од бизнис заедницата на општина Гази Баба | Продлабучување на знаењата на учениците од одредена тема | Во текот на учебна година |
| 11. | Работилници и засадување млади садници во училишниот двор | -Директор на училиштето Претставници од стручна служба, технички персонал Наставници од одделенска и предметна настава, ученици од I до IX одделение Министерство за животна средина и просторно планирање | Да се развие еколошката свест кај учениците за заштита на планетата Земја | Ноември, Март/април |
| 12. | Учество во натпревари и конкурси во организација на институциите на културата од локалната средина | -Ученици од I до IX одделение | Проширување на знаењата од различни области, Развој на творештво и слободно изразување на учениците, поттик на натпреварувачки дух | Во текот на учебната година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13. | Организација на работилници на различни теми | -Претставници од стручната служба во училиштето, родители, наставници, ученици, претставници од институциите од образованието, Општински основни училишта, Детски градинки | Зајакнување на врската наставник родител, ученик, проширување на знаењата, размена на искуства и подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес | Во текот на учебната година |
| 14 | Учество во манифестација „Априлијада“ организиран детски карневал по повод Денот на шегата 1 Април | Ученици од I до V одделение Наставници, Родители | Негување на културните традиции во општината | Април |
| 15 | Велигденски хепенинг | -Ученици од I до IX одделение, наставници, -родители | Развој на креативност кај учениците и творечки дух, почитување на верските обичаи | Април |
| 16 | Турнири и спортски натпревари | Одделенски наставници - наставници по физичко и здравствено образование - ученици од I до IX одделение -спортски клубови | Развој на физичките способности кај учениците, поттикнување натпреварувачки дух | Во текот на учебната година |
| 17 | Работилници за заштита на здравјето | ЈЗО „Здравствен дом “-Ченто Детски диспанзер за орално здравје Наставници и ученици од I до IX одделение | Развивање свест и одговорност за сопственото здравје кај учениците, развој на здравствена култура. | Во текот на учебната година |
| 18 | Промоција на хумани вредности и хуманитарни акции | -Вработени во училиштето ученици од I до IX одд Црвен крст Центар за социјална работа | Развој на хумани вредности кај учениците, подршка на социјално ранливите | Во текот на учебната година |
| 19 | Предавања,проекти работилници за | Министерство за внатрешни работи | Запознавање на учениците со правилата во сообраќајот | Во текот на учебната година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | безбедност на децата во сообраќајот | | | |
| 20 | Медиумско претставување на активностите во училиштето | Директор, тим на училиштето за комуникација и односи со јавноста ученици,наставници Печатени списанија (Росица, Другарче, Развигор, Наш свет) и електронски национални медиум | Промоција на активностите на училиштето и запознавање на пошироката јавност со неговата работа | Во текот на учебната година |

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Реализацијата на активностите од Годишната програма за работа на училиштето ќе бидат следени за да може да се процени и утврди нивото и квалитетот на сработеното или резултатите од активностите. Со мониторингот треба да се добие одговор на прашањето во која мерка се реализирале планираните содржини и активности, кои се носителите и колку биле успешни активностите.

Процесот на следење и евалуација започнува со усвојување на Годишната програма и продолжува континуирано во текот на целата учебна година. Следењето на имплементацијата на годишната програма за работа на училиштето ќе се врши секојдневно, месечно, квартално и годишно во зависност од активноста. Во училиштето има воспоставен систем на следење на активностите, но исто така и сите носители на активностите се вклучени во процесот на следење на имплементацијата на Годишната програма за работа на училиштето, бидејќи вршат контрола на сопствената работа. Покрај Државниот просветен инспекторат и Бирото за развој на образованието субјекти кои ја следат имплементацијата на Годишната програма на училиштето се: директорот, стручните соработници, тимовите задолжени за поддршка и следење, Наставничкиот совет, Училишниот одбор. Покрај реализацијата на воспитно-образовната работа ќе се следат и следните подрачја:

| **Приоритетни подрачја за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно/ни лице/а** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| Планирање и реализација на наставата и воннаставните активности | Увид во планирањата, извештаи и анализи за постигнат успех, | Директор, стручна служба, одделенски и | Наставници, родители, ученици, директор, училишен одбор, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | записници и извештаи од активности и натпревари<br>Во текот на учебната година | наставнички совет, стручни активи | |
| Едуцирање (обука) на наставниците | Извештаи, увид во ЛППР и професионално досие, обуки и дисеминации<br>Во текот на учебната година | Директор, стручна служба, стручни активи | директор, тим за професионален развој, стручни соработници |
| Подобрување на грижата за здравјето на учениците | Извештаи,<br>Во текот на учебната година | Директор, стручна служба, стручни активи | Наставници, родители, ученици, директор, училишен одбор, |
| Афирмирање на постигањата на учениците | Записници, извештаи<br>Во текот на учебната година | Директор, стручна служба, стручни активи | Наставници, родители, ученици, директор, училишен одбор |
| Подобрување на условите за учење | Тендерска документација, увид, извештаи<br>Во текот на учебната година | Директор, стручна служба, стручни активи | Наставници, родители, ученици, директор, училишен одбор |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Следењето и евалуацијата на годишната програма за работа на училиштето има за цел да се подобри квалитетот на работата на училиштето. Со процесот на следење и евалуација на годишната програма всушност се споредуваат целите и очекуваните исходи со добиените резултати по реализацијата на активностите. При следење и евалуација на реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето се тргнува од планот за развој на училиштето, насоките за самоевалуација на работата на училиштето и од законските и подзаконските акти врз кои се заснова истата. Во овој процес посебно внимание се обрнува на собирањето докази односно податоци поврзани со индикаторите односно критериумите за успех, со формирање заклучоци и препораки. Доказите се собираат преку: прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа, увид во работата на учениците, процесот на набљудување, независни евалуациони извештаи и други инструменти.

Врз основа на добиените резултати директорот на училиштето и стручната соработници изработуваат полугодишен и годишен извештај за реализацијата на Годишната програма, кој е базиран на основа на извештаите на наставниците и тимовите одговорни за реализација на одредени програми и проекти. Овие извештаи се разгледуваат и усвојуваат од страна на Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор и претставуваат појдовна точка за успешно планирање на идни активности.

## 25. Заклучок

Целта на училиштето е да се подобри квалитетот како и условите на работата, а сето тоа може да се постигне со добра тимска работа и професионална етичност, како и квалитетното планирање, организирање и реализирање на активностите. Со годишната програма се испланирани активностите, целите и задачите, носителите на активностите, временските рамки и потребните ресурси. Годишната програма е во согласност со законите и прописите од надлежните институции и се насочени кон задоволување на потребите на учениците и успешно остварување на образовните стандарди. Годишната програма за работа на ООУ „Наум Наумовски Борче“ - Скопје за учебната 2023/24 година е документ со кој е детално испланирана воспитно-образовната работа на училиштето која се темели врз приоритетите од програмата за развој. Во планирањето и реализацијата на воспитно-образовната работа се вклучени сите субјекти и структури во училиштето кои заеднички ќе се стремат кон остварување на мисијата и визијата на училиштето. Во годишната програма се опфатени активности со кои се организира наставата, воннаставните и вонучилишните активности, ученичкото организирање, натпреварите на учениците, се планира оценувањето на постигањата на учениците, поддршката на учениците и проектите кои ќе се реализираат во училиштето, негувањето на мултикултурализмот, хуманизмот и позитивна училишна клима. Истотака особена важност се посветува и на безбедноста и грижата за здравјето.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Комисијата за изработка на годишната програма на ООУ„Наум Наумовски Борче“ за учебната 2023/24 година ја сочинуваат:

1. **Светлана Петровска- директор**
2. **Маја Станковска –предметен наставник**
3. **Даниела Кузманоска- предметен наставник**
4. **Марија Депиновска- одделенски наставник**
5. **Виолета Силјановска- одделенски наставник**
6. **Калина Пуловска- педагог**
7. **Валентина Јовановска- психолог**
8. **Матеа Анастасова – претставник од училишен парламент**

## 27. Користена литература

При изработката на годишната програма на ООУ„Наум Наумовски Борче“ за учебната 2023/24 година е користена следната литература:


- Законот за основното образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година).
- Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште од 06.07.2020 година со број 18-6579/1 донесен од Министерот за образование и наука.
- Концепцијата за основно образование (08-3980/1 од 3.3.2021):
- Статут на ООУ „Наум Наумовски Борче“ Гази Баба Скопје
- Самоевалуација и Развојната програма на ООУ „Наум Наумовски Борче“
- Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта од 19.11.2019 година со број 12-13487/1 донесен од Министерот за образование и наука.
- Концепција за воннаставни активности во основното образование, што е утврдена од министерот за образование и наука со решение број 12-2897/2 од 5.3.2020 година.
- Нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства за основно училиште во Република Северна Македонија.
- Наставен план за деветгодишно основно образование за учебната 2023/24 година
- Календар за организација на работата на основните училишта во учебната 2023/24 година
- Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта.
- Прирачници за основните професионални компетенции на наставниците, стручните соработници и директорот во основните и средните училишта и прирачник за следење на работата и планирање на професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта
- Програма за обуки за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2022 година
- Програма за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2022 година
- Водич за работа на училишниот инклузивен тим
- Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта
- Програма за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение од основните училишта

**Претседател на**

**Училишен одбор** **Директор**

**-----------------------------------------------** **-----------------------------------------------**

**Горан Готиќ** **Светлана Петровска**

**М.П**

**Скопје, 2023 год.**